СОДРЖИНА НА УПАТСТВО

1. Вовед....3
2. Цели на мерката "Диверзификација на фарми и развој на бизниси"...3
3. Финансиска поддршка предвидена со мерката....3
4. Локација на прифатлива инвестиција....4
5. Приоритетни сектори....4
6. Кој може да биде корисник....6
7. ИПАРД Трошоци....8
7.1 Трошоци кои се прифатливи....8
7.2 Трошоци кои не се прифатливи....9
7.3 Правила за потекло на трошоците....9
8.Економска оддржливост....10
9. Општи критериуми за доделување на средства....11
10. Потребни документи....12
11. Административна процедура за обработка на барањето....20
11.1 Поднесување на барањето за финансиска поддршка....20
11.2 Обработка на барање и избор на корисници....20
11.3 Критериуми за рангирање во мерката....22
11.4 Склучување на договор....23
12.Реализација на договорот....23
13. Исплата на средства....23
14. Контрола на терен....25
15. Обележување и видливост....25
16. Контакт на Агенција за финансиска поддршка во земјодлеството и руралниот развој....26
17. Прилози....27
Прилог 1 - Листа на прифатливи трошоци....27
Прилог 2 - Листа на рурални подрачја....33
Прилог 3 - Листа на производи од Анекс I на Договорот за ЕУ....41

**Прилог 4-Листа на минимални национални стандарди релевантни за спроведувања на ИПАРД 2014-2020** ........ 44

**Прилог 5 – Листа на прифатливи не - прехрамбени производни активности по мерка 7 “Диверзификација на фарми и развој на бизниси”** ........ 54

**Прилог 6: Изјава за големина на субјект** ........ 55

**Прилог 7: Препорака на Европска Комисија бр. 2003/361/ЕК за дефинирање на микро, мали и средни претпријатија** ........ 65

**Прилог 8: Примерок на договор за финансиска поддршка** ........ 73

# 1. Вовед

ИПА II (ЕУ Инструмент за претпристапна помош) претставува правна рамка на ЕУ и пакет за финансиска помош, дизајнирана да им помогне на земјите кандидати за членство како и на потенцијалните земји членки. Помошта е насочена кон повеќе области, а една од тие е земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Програмата 2014-2020 е програма која овозможува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош на земјоделството и руралниот развој.

Од искористувањето на фондот од ИПАРД Програмата 2014-2020 за Република Северна Македонија се очекуваат многубројни придобивки, од кои можат да се издвојат следните: подобрување на стандардот на земјоделските производители, подобрување на пазарната конкурентност и ефикасност, зголемување на вработеноста во руралните средини, подобрување на стандардите и зголемена заштита на животната средина.

# 2. Цели на мерката "Диверзификација на фарми и развој на бизниси"

*Општи цели:*

Главната цел на оваа мерка е поттикнување на вработувањето преку создавање на нови и задржување на постојните работни места, со што зголемува нивото на економска активност во руралните средини, се подобрува квалитетот на живот и се намалува руралната депопулација.

Диверзификацијата е неопходна за развој, зголемување на вработувањето и одржлив развој на руралните средини, со што се придонесува за подобра територијална рамнотежа, како на економски така и на социјален план.

*Специфични цели:*

- Да се одржат земјоделските активности во руралните средини преку овозможување на одредени услуги;
- Развивање и промовирање на руралниот туризам;
- Развивање на не-земјоделски микро и мали претпријатија кои се базираат на локални ресурси и кои се поврзани со подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Да се зачуваат и развијат традиционалните занаетчиски активности;
- Да се промовира претприемништвото во руралните средини.

# 3. Финансиска поддршка предвидена со мерката

Минималната вредност на вкупно прифатливите трошоци на предложената инвестиција (проект) за оваа мерка не може да биде пониска од 1.500 евра во денарска противвредност не вклучувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ), додека максималната вредност на вкупните прифатливи трошоци на предложената инвестиција

(проект) за оваа мерка не може да биде повисока од 1.000.000 евра во денарска противредност не вклучувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ) .

Максималната финансиска поддршка која може да биде доделена на еден корисник по оваа мерка е 1.500.000 евра во денарска противредност не вклучувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ) за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Вкупната финансиска поддршка (75% од ЕУ фондовите + 25% национално кофинансирање) која се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата во рамки на оваа мерка изнесува до 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата под услов максималната вкупна финансиска подршка да не биде надмината и финално барање за исплата за претходно реализираниот проект да е доставено до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## 4. Локација на прифатлива инвестиција

Проектот е прифатлив за ко-финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина во согласност со „Листата на рурални средини" дадена како Прилог 2 кон ова упатство.

## 5. Приоритетни сектори

1. **<u>Инвестиции во алтернативно земјоделско производство</u>**

- Одгледување на печурки и тартуфи;
- Хортикултура (расадници и одгледување на цвеќе и цветни папки, украсни растенија, дрва);
- Производство на семенски и саден материјал;
- Одгледување на зајаци;
- Одгледување на полжави;
- Одгледување на птици за јајца и месо - патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви, емуа и бисерки;
- Одгледување на дивеч;
- Пчеларство;
- Одгледување на билки, семиња, и други зачински и ароматични растенија;
- Насади на дрвја (брзо растечки) за дрвена граѓа и био-маса;
- Рибници за производство на слатководна риба.

2. **<u>Инвестиции во производство на прехрамбени производи и пијалоци</u>**

- Алкохолни производи од грозје или овошје и пиво;
- Колачи, тестенини и пекарски производи;
- Чај и билни екстракти;
- Зачини и билки;
- Слатководна риба, ракови и мекотели и
- Други производи кои не се наведени во Листа на производи од Анекс I на Договорот за фунционирањето на ЕУ дадена како Прилог 3 кон ова Упатство.

***Напомена: Согласно ИПАРД Програмата 2014-2020 со Мерка 7 "Диверзификација на фарми и развој на бизниси", се дава поддршка за производство на производи од Анекс I, односно сектори за преработка и додавање додадена вредност на следниве земјоделски производи: пчелен мед, храна и добиточна храна, лековити билки и зачини, рибарство, шумарство итн. и производство на преработени земјоделски производи кои не се наведени во Анекс I од Договорот. (стр 163 од ИПАРД II Програмата).***

3. **Инвестиции во производство на не-прехрамбени производи**

Сите производствени активности кои се однесуваат на не-прехранбени производи согласно прилог 5 на ова упатство “Листа на прифатливи не-прехрамбени активности по мерка 7 “Диверзификација на фарми и развој на бизниси”.

4. **Инвестиции во занаетчиски дејности.**

Сите дејности пропишани со „Правилник за измена на Правилникот за определување на дејностите кои можат да ги вршат занаетчиите "Службен весник на Република Македонија бр 44/09”

5. **Инвестиции во обезбедување на услуги во земјоделството**

- Воспоставување и унапредување на ветеринарните служби;
- Воспоставување и реновирање на работилници за одржување и поправка на земјоделска механизација, машини и опрема;
- Воспоставување на услуги за изнајмување на земјоделска механизација и машини (машински прстени)

6. **Инвестиции во услуги за руралното население**

- Услуги за поправка и одржување;
- Услуги за теренско (пејсажно) уредување;
- Услуги за грижа на домашни миленичиња;
- Услуги за престој и нега (домови за стари лица, за рехабилитација, итн);
- Услуги за дневно згрижување на деца;
- Обука и образовни центри за било која професија, хоби или целна самонадградба, спорт и рекреација, услуги за поддршка на образование, информатички центри;
- Кино, локална радиодифузија, локална телевизија.

7. **Инвестиции во рурален туризам)**

- **Туристичко сместување во внатрешен простор (соби, апартмани, ноќевање и појадок, само-угостителски колиби)**
  - Предложени од физичко лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 соби во кои може да се сместат најмногу 20 лица (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца);
  - Предложени од правно лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 20 соби во кои може да се сместат најмногу 50 лица
- **Туристичко сместување на отворено (кампови, бунгалови, камп-приколки)**

- Предложени од физичко лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 сместувачки единици или да се сместат 30 лица;
- Предложени од правно лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 30 сместувачки единици или да се сместат 90 лица;

- **Угостителска дејност (готвење и служење на храна)**
- Предложени од физичко лице: постигнатиот капацитет за послужување да не надмине 50 лица;
- Предложени од правно лице: постигнатиот капацитет за послужување да не надмине 150 лица;

- **Комбинирани услуги - сместување и угостителски услуги**
- Предложени од физичко лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 соби во кои може да се сместат најмногу 20 лица (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца) или на отворено најмногу 10 сместувачки единици или да се сместат 30 гости истовремено и да се послужат 50 лица;
- Предложени од правно лице: постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 20 соби во кои може да се сместат најмногу 50 лица или на отворено најмногу 30 сместувачки единици или да се сместат 90 гости истовремено и да се послужат најмногу 150 лица;

- Обезбедување на простории за дегустација/продажба за директен маркетинг на производите;
- Рурални музеи (згради и изложбени предмети за разгледување на историски, природни, традиционални, образовни, земјоделски и други добра од руралните средини, како и ботанички и зоолошки градини);
- Обезбедување на простории за семинари и обуки, едукативни фарми;
- Обезбедување на рекреативни активности за туристите.

***Напомена: Инвестициите во изградба/реконструкција на објектите за рурален туризам треба да се градат со прилагодување на стилот со традиционалната архитектура на руралните средини или да се во согласност со пејсажниот амбиент на околината, која може да се прикаже преку Техничките цртежи и дизајн од страна на овластени архитекти, и елаборирани во Деловниот план.***

## 6. Кој може да биде корисник

**Физички лица** кои се регистрирани со живеалиште во рурална средина или имаат регистрирано економска активност во рурална средина:

- Физичко лице кое е регистрирано како занаетчија во Регистарот на занаетчии, согласно Законот за занаетчиска дејност за активности за кои е предложена инвестицијата:
- Физичко лице кое е регистрирано како угостител (вклучувајќи сместување) во Регистарот за угостители согласно Законот за угостителска дејност, за активностите за кои е предложена инвестицијата;

- Физичко лице кое е регистрирано како Трговец поединец во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва;
- Физичко лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделските стопанства како претставник на семејно земјоделско стопанство или друг член на семејно земјоделското стопанство и
- Физичко лице регистрирано како индивидуален земјоделски производител во Регистарот на индивидулни земјоделски производители во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство или во Фонд за пензиско и инвалидиско осигурување.

**Физички лица** кои предлагаат нови инвестиции за стапување во економски активности во руралните средини (на пример за самовработување) се прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка само доколку ги исполнат специфичните барања, односно доколку тој/таа:

- поседува докажани професионални способности преку стручно образование или стручна обука или друг професионално признат сертификат за одделна стопанска не-земјоделска дејност;
- се обврзе дека на крајот на инвестицијата (пред поднесување на конечното барањето за исплата) тој/таа ќе ја регистрира економската активност како занаетчија, угостител или трговец поединец во општината каде што се наоѓа руралната средина.

**Правни лица** регистрирани во Централниот регистар во ранг на микро и мали претпријатија доколку тие ги исполнуваат критериумите утврдени во Препораката 2003/361/ЕС (Прилог 7) (истата може да се превземе од веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk), кои се сумирани во следната табела:

| Ранг на претпријатие | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | ≤ € 2 милиони |

***Напомена: Согласно методологијата за пресметка на големина на субјект од наведената препорака, во предвид се земаат партнерските и поврзани субјекти на барателот. Новоформираните претпријатија ќе се оценуваат врз основа на очекувана големина како што е предложено во техничкиот предлог проект/ деловниот план.***

Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА " издаден од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

За јавниот повик 01/2021 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2019 и 2020 ГОДИНА".

**Задруга** која е регистрирана во Централниот регистар, во согласност со Законот за задруги и која првенствено се занимава со земјоделска дејност, сеча на дрва, собирање на шумски производи, преработка на земјоделски и шумски производи, маркетинг на земјоделски производи и/или услуги поврзани директно со земјоделски и шумски активности.

Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата, а кои се наведени во статутот на задругата.

# 7. ИПАРД Трошоци

## 7.1 Трошоци кои се прифатливи

### а. Материјални вложувања (трошоци)

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти;
- Набавка на нови машини и опрема;
- Набавка на нова земјоделска механизација;
- Набавка на повеќегодишни садници (освен хибриди).

### **б. Не-материјални вложувања** (поврзани со прифатливите трошоци под точка а)

- Постигнување согласност со меѓународно признаени стандарди како што се:
- Воведување на системи за управување во претпријатијата (на пример –ISO9000:2005; ISO 9001:2000; ISO 14001:2004 (EMAS); ISO 900; ISO / TR 10013:2001; ISO 19011:2002; ISO 27001; вклучувајќи ИТ-основни системи, итн);
- Подготовка за сертификација под HACCP (Анализа на опасност на критични контролни точки);
- За исполнување на Добра производна пракса (ДПП) во претпријатијата
- Стекнување на патентни права и лиценци;
- Компјутерски софтвер вклучувајќи софтверски лиценци;
- Инсталација на машини и опрема (со исклучок на механичар);
- Услуги за изградба / реконструкција (вклучувајќи технички надзор).

### **в. Општи трошоци** (поврзани со прифатливите трошоци во точка (а) и (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии;
- Подготовка на Деловен план: Пресметки на трошоци, анализи, анализи на пазарот, маркетинг анализи;
- Подготовка на документи за проценка на влијанието на проектот врз животната средина;
- Управување со проекти.

### г. Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се под надлежност на крајните корисници

- Билборди;
- Плакети;
- Налепници и др.

***Напомена: Деталната Листа на прифатливи трошоци за оваа мерка е составен дел од ова Упатство дадена како Прилог 1 на ова упатство. Општите трошоци како што се надоместоците за архитекти и инженери и консултанти, физибилити студии, стекнување со патентни права и лиценци не можат да надминат 12% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.***

Специфичните пониски граници може да се утврдат во зависност од типот на инвестицијата.

**7.2 Трошоци кои не се прифатливи**

**Следните трошоци ќе се сметаат за неприфатливи:**

- Даноци, вклучувајќи данок на додадена вредност;
- Царини и увозни давачки, и слични давачки;
- Купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот резултира со пренесување на правото на сопственостна закупецот;
- Парични казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови; камата на долг;
- Оперативни трошоци;
- Половни машини и опрема;
- Банкарски трошоци, трошоци за гаранции и слични давачки;
- Трошоци за менување валута, давачки и загуби во размена поврзани со ИПАРД евро сметката, како и други чисто финансиски трошоци;
- Придонеси во натура;
- Купување на права за земјоделско производство, животни, едногодишни растенија и нивно засадување;
- Трошоци за одржување, амортизација и трошоци за наем.

**7.3 Правила за потекло на трошоците**

Доколку вредноста на набавката / инвестицијата е под 100.000 евра прифатливите трошоци поврзани со инвестицијата можат да потекнуваат од било која земја.

Во случај кога набавката / инвестицијата се состои од повеќе делови / ставки, правилото е применливо само за деловите / ставките под 100.000 евра. Поделбата по делови / ставки потребно е да биде легитимна, односно да не се вршат вештачки поделби на набавката / инвестицијата на помали делови / ставки со цел заобиколување на прагот од 100.000 евра.

Доколку вредноста на набавката е со износ поголем од 100.000 евра, во тој случај потеклото на стоките потребно е да биде од некоја од следните прифатливи земји:

- **Земји членки на ЕУ:**

Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Германија, Холандија, Португалија, Шпанија, Шведска, Велика Британија, Кипар, Чешка,

Естонија, Унгарија, Малта, Латвија, Литванија, Полска, Словачка, Словенија, Бугарија, Романија и Хрватска.

- **Земји кандидати за ЕУ:**

  Турција, Србија, Црна Гора, Албанија и Република Северна Македонија.

- **Земји потенцијални кандидати за ЕУ:**

  Босна и Херцеговина, Косово.

- **Земји од Инструментот за европско соседство и партнерство**

  Алжир, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Египет, Грузија, Израел, Јордан, Либан, Либија, Молдавија, Мароко, Палестинска самоуправа на Западниот брег и појасот Газа, Сирија, Тунис, Украина, Норвешка, Лихтенштајн, Исланд, Швајцарија и Руска федерација.

***Листата е само индикација за можни земји на потекло и не ја исклучува можноста за појава на дополнителни прифатливи земји како и исклучување на одредени земји од листата на прифатливи земји од табелата***

Набавките може да потекнуваат од било која земја доколку износот на набавката е под прагот за примена на постапката за прибирање на понуди со преговарање (во моментов 100. 000 евра во денарска противвредност). За целите на овие програмски средства, поимот "потекло" е дефиниран во членовите 23 и 24 од Регулативата (ЕЕЗ) бр 2913/9238 и друго законодавство на Заедницата кое се однесува на непреференцијално потекло.

| Набавка до 100.000 евра | Набавки над 100.000 евра |
|---|---|
| Правилата за потекло не се применливи. Трошоците поврзани со инвестицијата може да потекнуваат од било која земја | Правилата за потекло на трошоците се применуваат. Трошоците поврзани со инвестицијата мора да потекнуваат од т.н прифатливи земји. |

**8.Економска оддржливост**

Финансиска поддршка може да биде доделена на корисници кои што предлагаат инвестиции со финансиска/економска оддржливост. Економската и финансиската оддржливост ќе бидат проценети врз база на Техничкиот предлог проект или Деловен план.

Во случај на предложени проекти кои што имаат вкупен буџет на прифатливи средства под 50.000 евра, економската оддржливост се демонстрира преку Технички предлог проект кој што ќе содржи финансиски индикатори во смисла на генерирање доволен приход кој што ќе ги достигнува оперативните трошоци на земјоделското стопанство.

Во случај на предложени проекти кои што имаат вкупен буџет на прифатливи средства над 50.000 евра економската оддржливост треба да се покаже преку Деловен план.

Барателот треба да демонстрира континуитет на работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.

***Напомена: Техничкиот предлог проект/Деловен план потребно е да бидат изготвени согласно утврдениот образец за изготвување на Техничкиот предлог проект/Деловен план, кои може да се превземат од интернет страната на Агенцијата:*** *www.ipardpa.gov.mk*.

## 9. Општи критериуми за доделување на средства

Инвестициите треба да се реализираат на имот кој е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот потребно е да се прикаже документ со кој се докажува право на користење на имотот кој е предмет на инвестицијата, за период од најмалку 7 години од денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка.

Барателот - физичко лице треба да обезбеди потврда, документ за докажување на професионалните компетенции за одделна економска не-земјоделска дејност со најмалку средно образование или високо образование или стручно образование и стручна обука со диплома / уверение. Кандидатите кои не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции, на крајот на инвестицијата треба да обезбедат сертификат за обука кој е издаден од страна на релевантните стручни институции за обука, едукативни и истражувачки институции или јавни советодавни услуги, вклучувајќи ја листата на присуства на модули за обука во врска со инвестициите.

Најмалку едно одговорно лице на индивидуалниот земјоделски производител, правното лице или земјоделската задруга треба да е во редовен работен однос или да биде ангажиран под договор со времетраење од не помалку од пет години. Физичките лица треба да бидат постојано вработени како трговци поединци, занаетчии или угостители. Во случај на нови инвестиции овој услов треба да се постигне на крај на инвестицијата пред поднесувањето на конечното барање за исплата.

Барателите претставувани од страна на правно лице во случај нивниот капитал да е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%, не се прифатливи корисници по оваа мерка.

*10. Потребни документи*

| | |
|---|---|
| **ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ ПОДНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ**<br>**Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/2019) целокупната документација подолу наведена во овој јавен повик потребно е да биде доставена во моментот на поднесување на барањето за финансиска поддршка, во спротивно барањето ќе биде одбиено.**<br>**Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 треба да се оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик** | |
| 1 | КОМПЛЕТНО ПОПОЛНЕТО БАРАЊЕ ЗА МЕРКАТА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ |
| 2 | КОПИЈА ОД ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ ОД ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА БАРАТЕЛОТ |
| 3 | ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ) ДЕКА НА КРАЈОТ ОД ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ РЕГИСТРИРА ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ КАКО:<br>☐ ЗАНАЕТЧИЈА ИЛИ<br>☐ УГОСТИТЕЛ ИЛИ<br>☐ ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ |
| 4 | ☐ ДИПЛОМА / СЕРТИФИКАТ ЗА БАРАТЕЛОТ (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ) ЗА ЕКОНОМСКИ НЕ - ЗЕМЈОДЕЛСКИ АКТИВНОСТИ ИЛИ<br>☐ ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ) ДЕКА НА КРАЈОТ ОД ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ ДОСТАВИ СЕРТИФИКАТ СО УЧЕСТВО ВО ТРЕНИНГ МОДУЛИ РЕЛЕВАНТИ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА |
| 5 | ДОКАЗ ДЕКА БАРАТЕЛОТ (ПРАВНО ЛИЦЕ) НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА СТЕЧАЈ<br>*(Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија)* |
| 6 | ДОКАЗ ДЕКА БАРАТЕЛОТ (ПРАВНО ЛИЦЕ) НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА ЛИКВИДАЦИЈА<br>*(Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија)* |
| 7 | ДОКАЗ ДЕКА ВРЗ БАРАТЕЛОТ (ПРАВНО ЛИЦЕ) НЕ Е ИЗРЕЧЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ<br>*(Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија)* |
| 8 | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ВО СЛУЧАЈ КОГА БАРАТЕЛОТ Е РЕГИСТРИРАН КАКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО |

| | |
|---|---|
| 9 | ПОТПИШАНА ИЗЈАВА ЗА ИНФОРМАЦИИ ЗА ГОЛЕМИНА НА БАРАТЕЛОТ – МИКРО ИЛИ МАЛО ПРЕТПРИЈАТИЕ*<br><br>• ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ПОВРЗАНИ И ПАРТНЕРСКИ СУБЈЕКТИ (ФИЗИЧКИ И/ИЛИ ПРАВНИ) СО БАРАТЕЛОТ РЕГИСТРИРАНИ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗДАДЕНИ ОД РЕЛЕВАНТНА ИНСТИТУЦИЈА ОД СООДВЕТНАТА ДРЖАВА<br><br>*(Само за баратели кои во сопственичката структура имаат поврзани и партнерски субјекти, физички и/или правни лица, регистрирани надвор од границите на Република Северна Македонија)*<br><br>• ДОКУМЕНТ КОЈ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ, ГОДИШЕН ПРИХОД И ГОДИШЕН БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ПОВРЗАНИТЕ И ПАРТНЕРСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО БАРАТЕЛОТ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МКЕДОНИЈА. ПОДАТОЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ЗЕМЕНИ ОД ПОСЛЕДНАТА ОДОБРЕНА ФИСКАЛНА ГОДИНА.<br><br>*(Само за баратели кои во сопственичката структура имаат поврзани и партнерски субјекти, физички и/или правни лица, регистрирани надвор од границите на Република Северна Македонија)*<br><br>• ПОТВРДИ ЗА УДЕЛИ ВО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА НА БАРАТЕЛОТ И СИТЕ РЕГИСТРИРАНИ СОПСТВЕНИЦИ НА БАРАТЕЛОТ ИЗДАДЕНА ОД ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br><br>*(Издадна од Централен депозитар на хартии од вредност на Република Северна Македонија во случај на домашни акционерски друштва или од соодветна институција надлежна за евидентирање на уделите на акции во случај на странски акционерси друштва)*<br><br>***Прилог 6 од ова упатство** |
| 10 | ☐ ПОТВРДА ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ИЛИ<br>☐ ПОТВРДА ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е АНГАЖИРАНО СО ДОГОВОР ЗА РАБОТА, ЗА ЦЕЛО ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОДНОСНО НАЈМАЛКУ 5 ГОДИНИ<br>*(Издадена од Агенција за вработување на Република Северна Македонија)* |
| 11 | УВЕРЕНИЕ ЗА ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ЗДРАВСТВЕНО, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ИЗДАДЕН ОД УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ<br>*(Издадено од Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија)* |

| | |
|---|---|
| 12 | ДОКАЗ ДЕКА ИНВЕСТИЦИЈАТА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.<br>*(Издаден од Единицата на локалната самоуправа каде што се планира локацијата на инвестицијата)* |
| 13 | ИМОТЕН ЛИСТ ЗА ОБЈЕКТ И/ИЛИ ЗЕМЈИШТЕ<br>*Напомена: Во случај доколку има договор за закуп или концесија за имотот кој е предмет на инвестиција истите треба да бидат прибележани во имотниот лист.* |
| 14 | ДОКАЗ ЗА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА:<br>☐ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>☐ ЗЕМЈИШТЕ |
| 15 | ДОКАЗ ЗА РЕДОВНО ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ ВО СЛУЧАЈ КОГА БАНКАТА ИМА ВОСПОСТАВЕНО ЗАЛОГ ВРЗ ИМОТОТ, ВПИШАН ВО РЕЛЕВАНТНИОТ ИМОТЕН ЛИСТ, ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА.<br>*(Издаден од банката која го има воспоставено залогот)* |
| 16 | ☐ РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ, ИЛИ<br>☐ А ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ИЛИ<br>☐ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ИЛИ<br>☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ИЛИ<br>☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ ИЛИ<br>☐ ИЗВЕСТУВАЊЕ/МИСЛЕЊЕ ДЕКА ЗА ТОЈ ВИД НА ИНВЕСТИЦИЈА/ПРОЕКТ НЕ Е ПОТРЕБНО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА |
| 17 | ЕДНА ПОНУДА ИЗДАДЕНА ОД ДОБАВУВАЧ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНА СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ<br>***(Понудите треба да бидат прибавени од понудувачи кои се занимаваат со дејноста која ја нудат или може да докажат дека можат да ги достават добрата/услугите)*** |
| 18 | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНИ СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ГРУПА НА СТАВКИ<br>***(Понудите треба да бидат прибавени од понудувачи кои се занимаваат со дејноста која ја нудат или може да докажат дека можат да ги достават добрата/услугите)*** |
| 19 | КОПИИ ОД ЛИЦЕНЦИ ЗА ГРАДБА ЗА РЕЛЕВАНТНАТА КАТЕГОРИЈА НА ГРАДБА ЗА СЕКОЈ ПОНУДУВАЧ |
| 20 | КОПИЈА ОД ДОКУМЕНТ КОЈ ЌЕ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ЗА СИТЕ СТРАНСКИ ДОБАВУВАЧИ |
| 21 | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ЗА СИТЕ ПОНУДУВАЧИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА |

| | |
|---|---|
| 22 | ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ СО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОНКРЕТНАТА ПОНУДА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИЗБРАНАТА ПОНУДА НЕ Е СО НАЈНИСКА ЦЕНА |
| 23 | ДОГОВОР ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ ИЛИ<br>ФАКТУРА ЗА ПЛАТЕНИ ОПШТИ ТРОШОЦИ ИЛИ<br>ЕДНА ПОНУДА ИЗДАДЕНА ОД ДОБАВУВАЧ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА<br>ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА |
| 24 | ☐ ОДОБРЕНИЕ ЗА:<br>• ГРАДБА НА НОВ ОБЕЈКТ И/ИЛИ<br>• РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ (ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ) ИЛИ<br><br>☐ ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ ДЕКА РЕЛЕВАНТНОТО ОДОБРЕНИЕ ЌЕ СЕ ДОСТАВИ ДО ДЕНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НО НЕ ПОДОЛГО ОД 1 ГОДИНА ОД ДЕНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ИЛИ<br>☐ ПОТВРДА ОД РЕЛЕВАНТНАТА ИНСТИТУЦИЈА ДЕКА ЗА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА НЕ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА/РЕКОНСТРУКЦИЈА/ДОГРАДБА/АДАПТАЦИЈА/НАДГРАДБА/ ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ (ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ)<br>***(Одобрението за градба/реконструкција треба да биде издадено согласно намената на објектот предмет на инвестиција односно согласно урбанистичката планска документација на предметната парцела)*** |
| 25 | ☐ РЕШЕНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР<br>☐ ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ ДЕКА РЕЛЕВАНТНОТО РЕШЕНИЕ ЌЕ СЕ ДОСТАВИ ДО ДЕНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НО НЕ ПОДОЛГО ОД 1 ГОДИНА ОД ДЕНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО<br>*Забелешка: Решението за промена на инвеститор се доставува само доколку одобрението за градење не е издадено на име барателот* |
| 26 | КОПИИ ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА (ЦД) ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА ОД РЕВИДИРАНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА<br>• ИЗГРАДБА НА НОВ ОБЕЈКТ И/ИЛИ<br>• РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ |

| | |
|---|---|
| | • НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>• ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА |
| 27 | ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА/ СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ<br>*Забелешка: Времена ситуација се досатвува само доколку барателот има изградено дел од објектот кој е предемет на инвестиција и за истиот не бара финансиска поддршка. Градежните работи се во согласност со последно одбрената техничка документација.* |
| 2**8** | ДЕЛОВЕН ПЛАН ВО СЛУЧАЈ КОГА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ПРОЕКТ ИМА ВКУПЕН ИЗНОС НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПОГОЛЕМИ ОД 50.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ |
| 2**9** | ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ ВО СЛУЧАЈ КОГА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ПРОЕКТ ИМА ВКУПЕН ИЗНОС НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПОМАЛИ ОД 50.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ |

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 1 – АЛТЕРНАТИВНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО***

| | |
|---|---|
| 1 | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА АКВАКУЛТУРА |
| 2 | ДОГОВОР ЗА СОБИРАЊЕ НА ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ ПОМЕЃУ БАРАТЕЛОТ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНИ ШУМИ.<br>*Забелешка: Овој документ се доставува во случај на инвестиции во одгледување на шумски и декоративни растенија и дрва и доколку барателот не поседува сопствен основен материјал.* |

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 2 – ПРОИЗВОДСТВО НА ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ПИЈАЛОЦИ***

СИТЕ ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА ОВОЈ ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР АГЕНЦИЈАТА ЌЕ ГИ ДОБИЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ. БАРАТЕЛОТ НЕ Е ДОЛЖЕН ДА ДОСТАВИ ДОКУМЕНТИ СПЕЦИФИЧНИ ЗА ОВОЈ ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР.

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 3 – ПРОИЗВОДСТВО НА НЕПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ***

| | |
|---|---|
| 1 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДРВЕН ЈАГЛЕН (ЌУМУР) И/ ИЛИ СЛИЧНИ КАПАЦИТЕТИ<br>*Забелешка: Документот го издава Дирекција за заштита и спасување* |

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 4 – ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ***

| | |
|---|---|
| 1 | ДОКАЗ ДЕКА ПРАВНОТО ЛИЦЕ Е РЕГИСТРИРАНО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ<br>*(Документот го издава Комора на занаетчии на Република Северна Македонија)* |

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 5 – ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО***

СИТЕ ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА ОВОЈ ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР АГЕНЦИЈАТА ЌЕ ГИ ДОБИЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ. БАРАТЕЛОТ НЕ Е ДОЛЖЕН ДА ДОСТАВИ ДОКУМЕНТИ СПЕЦИФИЧНИ ЗА ОВОЈ ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР.

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 6 – РАЗВОЈ НА УСЛУГИ ЗА РУРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ***

| | |
|---|---|
| 1 | ☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА, ИЛИ |

| | |
|---|---|
| | ☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ПРОМЕНА НА ОСНОВАЧ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА |
| 2 | ☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ГРИЖА НА ДЕЦА, ИЛИ<br>☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ПРОМЕНА НА ОСНОВАЧ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ГРИЖА НА ДЕЦА |
| 3 | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА<br>☐ ЕМИТУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА РАДИО ПРОГРАМА, ИЛИ<br>☐ ЛОКАЛНА ТЕЛЕВИЗИСКА ПРОГРАМА |

***ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 7 – ПРОМОЦИЈА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ***

| | |
|---|---|
| 1 | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АВТОКАМП*(За инвестиции во автокамп)* |
| 2 | РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА<br>☐ СМЕСТУВАЊЕ И/ИЛИ<br>☐ ПОСЛУЖУВАЊЕ ХРАНА<br>*(Овој документ се доставува доколку инвестицијата се однесува на постоечки сместувачки капацитите и/или угостителски објекти.)* |
| 3 | РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА ИЗДАДЕНО ОД ОПШТИНАТА ИЛИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>*(Овој документ се доставува доколку инвестицијата се однесува на постоечки сместувачки капацитите и/или угостителски објекти.)* |
| 4 | ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ СО ПИШАН ЕЛАБОРАТ ЗА СТИЛОТ НА АРХИТЕКТУРА И КОРИСТЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ НА ПОСТОЕЧКИОТ ТРАДИЦИОНАЛЕН СТИЛ НА ГРАДБА ВО РУРАЛНАТА СРЕДИНА ИЛИ СТИЛОТ НА ГРАДБА КОЈ СООДВЕТСВУВА НА НЕПОСРЕДНАТА ОКОЛИНА КАДЕ ШТО СЕ ПЛАНИРА ИНВЕСТИЦИЈАТА, ИЗРАБОТЕНИ ОД ОВЛАСТЕН АРХИТЕКТ<br>*За инвестиции во изградба на објекти за сместување и/или послужување на храна).* |

**НАПОМЕНА: Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација од барателите со цел да се докаже исполнувањето на критериумите од ИПАРД Програмата за користење на финансиска поддршка.**

**ДОКУМЕНТИ КОИ АГЕНЦИЈАТА ГИ ПРИБАВУВА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ**

- ТЕКОВНА СОСТОЈБА ЗА БАРАТЕЛОТ ПРАВНО ЛИЦЕ – ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ДОМАШНИ ДОБАВУВАЧИ - ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ
- СТАТУТ НА КОМПАНИЈАТА/ЗАДРУГАТА- ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО ИЛИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ НА СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ (ЕРЗС) - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ЗАДРУГА ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ - МЗШВ
- ДОКУМЕНТ КОЈ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ, ГОДИШЕН ПРИХОД И ГОДИШНА БИЛАНС (СКРАТЕН ИСКАЗ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА) ЗА БАРАТЕЛОТ И ЗА СИТЕ ПОВРЗАНИ И ПАРТНЕРСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО БАРАТЕЛОТ. ПОДАТОЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ЗЕМЕНИ ОД ПОСЛЕДНАТА ОДОБРЕНА ФИСКАЛНА ГОДИНА.

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 1– АЛТЕРНАТИВНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО**

- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ - АХВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА СЕМЕ ИЛИ САДЕН МАТЕРИЈАЛ - МЗШВ
- ДОЗВОЛА ЗА АКВАКУЛТУРА- МЗШВ
- ДОЗВОЛА ЗА ЦРПЕЊЕ ВОДА ЗА АКВАКУЛТУРА - МЖСПП
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ТРГОВЦИ СО РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ШУМСКИ ДРВА- МЗШВ
- ПОТВРДА ДЕКА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ Е ОДОБРЕН ОД МЗШВ

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 2 – ПРОИЗВОДСТВО НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 3 – ПРОИЗВОДСТВО НА НЕПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИЛТЕЛ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИВА - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ГОЛЕМО ПРОДАЖБА И ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ ЗА ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА - МЗШВ
- ДОЗВОЛА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЌУМУР ИЛИ СЛИЧНИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ. ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
- ДОЗВОЛА ЗА СЕЧА И ДИСТРУБУЦИЈА НА ДРВА-МЗШВ

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 4 – ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ**

- РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРИРАН ЗАНАЕТЧИЈА – КОМОРА НА ЗАНАЕТЧИИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА- АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - **АХВ**

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 5 – ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

- РЕШЕНИЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВЈЕ **-** АХВ

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 6 – РАЗВОЈ НА УСЛУГИ ЗА РУРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ**

- ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА СТАРИ ЛИЦА – СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- ДОЗВОЛА ЗА РАДИО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ЛОКАЛНО НИВО И/ИЛИ
- ДОЗВОЛА ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ЛОКАЛНО НИВО - АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСТАНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
- ЛИЦЕНЦА ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- ДОЗВОЛА ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- РЕГИСТРИРАН ВОЗЕН РЕД ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 7 – ПРОМОЦИЈА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ**

- СОГЛАСНОСТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АВТО КАМП- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
- РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

## 11. Административна процедура за обработка на барањето

### 11.1 Поднесување на барањето за финансиска поддршка

По објавување на јавниот повик, од страна на Агенцијата, за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014 - 2020, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „Барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014 – 2020“ по соодветната мерка. Барањето треба да биде коректно и читливо пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите пропратни општи и посебни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, **затворени во плик** на кој на горниот лев агол да пишува **„НЕ ОТВАРАЈ за Јавен повик ИПАРД бр. 01/2021“** како и мерката за која се поднесува барањето, да бидат доставени:- по препорачана пошта на адреса:
**Агенција за финансиска поддршка воземјоделството и руралеn развој ул. „3-та Македонска бригада“ бр.20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Македонија** или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Агенцијата), на истата адреса.

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ како и „Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, во електронска верзија може да се превземат на интернет-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk.

**Напомена:**
**Барателот може да поднесе повеќе барања по различни мерки за време на еден јавен повик.**
**Барателот може да поднесе едно барање на еден јавен повик во рамките на една мерка.**
**Доколку мерката е составена од повеќе приоритетни сектори, барањето може да содржи елементи од повеќе приоритетни сектори.**
**Доколку барателот повторно поднесува барање по истата мерка, претходниот проект за кој е одобрена финансиска поддршка треба да има поднесено барање за исплата во моментот на поднесувањето на новото барање. Барателот не може да склучи договор по однос на новото поднесено барање, во случај истото да е комплетно и соодветно, се додека не биде исплатена во целост предходната инвестицијата.**

### 11.2 Обработка на барање и избор на корисници

По отворање на барањето, исполнувањето на основните услови за прифатливост (како што се тип на корисник и вид на прифатливи инвестиции) ќе бидат проверени во прв план. Проверката на комплетност подразбира дали барањето ги содржи сите документи кои се наведени во јавниот повик и истата ќе се спроведе за прифатливите баратели на средства.

**Барањето за финансиска поддршка кое не ја содржи потребната придружна документација во моментот на поднесувањето на барањето, Агенцијата ќе го одбие како некомплетно.**

По извршената проверка за комплетност ќе се изврши и проверка за усогласеност и исполнување на критериумите за прифатливост (како што се почитување на националните минимум стандарди и други општи и посебни услови во рамки на мерката). Само комплетните барања ќе бидат предмет на понатамошна административна проверка на прифатливост на трошоците и проценка на економската и финансиската одржливост.

При обработката на барањето доколку Агенцијата утврди дека одереден документ е најесен и е потребно дообјаснување по истиот, Агенцијата ќе побара дообјаснување од барателот со што го задолжува истото дообјаснување да го достави во рок од 8 дена. Доколку барателот не постапи по Барањето за дообјаснување во предвидениот рок барањето за финансиска поддршка ќе биде отфрлено. Прифатливоста на трошоците ќе биде проверена во однос на листата на прифатливи трошоци одобрени од страна на Комисијата. Вредноста на прифатливите трошоци ќе биде дополнително проверена дали одговара на пазарната вредност на соодветните предмети прикажана преку три независни понуди од добавувачи (за ставки со вредност над 10.000 евра), споредбено со референтните вредности поставени од страна на Агенцијата или споредено со стандардните трошоците. Вкупниот износ на прифатливи трошоци ќе се проверува во однос на минималните и максималните прагови утврдени за одделни проекти во рамките на една мерка. Доколку вкупниот износ на прифатливи трошоци е под минималниот, проектите ќе бидат одбиени. Проценка на економско-финансиската одржливост ќе биде спроведена за проекти кои ги исполнуваат условите за прифатливост и имаат комплетна документација. Проценката се врши во согласност со методологијата на Агенцијата за пресметување на вредностите на индикаторите на критериумите за економска и финансиска одржливост кои се детално опишани во Упатството за изготвување на деловен план и Упатството за изготвување на технички предлог проект. Барателите на средства ќе бидат одбиени доколку:

- тие не ги исполнуваат критериумите за прифатливост;
- трошоците неможе да се утврдат како прифатливи;
- проектот не е одржлив.

По направената контрола следува рангирање на поднесените проекти со бодување. По извршената контрола на фактичката состојба на терен од страна на Агенцијата, потенцијалниот корисник ќе биде писмено известен за прифаќање или одбивање на неговото барање. Доколку барањето биде оценето позитивно и прифатено, Агенцијатадо потенцијалниот корисник доставува “Решение за одобрување на финансискподдршка”.
Врз основа на член 20 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија бр. “72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 190/2019) против решенијата на Агенцијата не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка. Против решенијата на Агенцијата може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение пред Управниот суд во Скопје. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението.

**11.3 Критериуми за рангирање во мерката**

Со цел да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката за прифатливите проекти ќе се доделуваат бодови според следните приоритети:

**Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со заштита на животната средина:**

- Инвестиции за воспоставување и модернизација на постројките за производство на енергија од обновливи извори (на пример биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термална енергија, итн) (20 бодови) или
- Инвестиции за воведување на производство на енергија од обновливи извори (на пример биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термалната енергија, итн) за потребите на барателот (15 бодови)

| |
|---|
| **ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 20 бодови** |

**Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со создавање на работни места:**

- Проекти за промовирање самовработување и/или вработување на членовите на семејството (10 бодови) или
- Проекти за промовирање работни места во руралните средини (5 бодови)

| |
|---|
| **ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 10 бодови** |

**Приоритет ќе се даде на проекти кои се спроведуваат во руралните подрачја:**

- Доколку инвестицијата е лоцирана во општините со рурални центри (30 бодови) или
- Доколку инвестицијата е лоцирана во планински рурални подрачја (20 бодови)
- Доколку инвестицијата е лоцирана во национални паркови (10 бодови) или
- Доколку инвестицијата е лоцирана во населбите во непосредна близина на културно наследство или археолошки локалитети назначени во согласност со Законот за заштита на културното наследство (Само за инвестиции од приоритетен сектор 7 - Промоција на руралниот туризам) (10 бодови)

| |
|---|
| **ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 40 бодови** |

**Приоритет ќе се даде на барателите:**

- Физички лица - рурални жители вклучени во неземјоделско производство (20 бодови) или
- Физички лица кои претставуваат семејно земјоделско стопанство (15 бодови)
- Микро и мали претпријатија со седиште во село (10 бодови)
- Физичкит лица -кои имаат најмалку 18, а помалку од 40 години на денот кога барањето за поддршка е поднесено или жени или претставник на микро претпријатија (10 бодови)

| |
|---|
| **ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 30 бодови** |
| **ВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови** |

Бодувањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка во пристигнатите барања го надминува финансискиот буџет кој е алоциран за оваа мерка.

Проект со 0 поени може да се одобри во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка е понизок од достапниот буџет за финансирање на оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

### 11.4 Склучување на договор

Со решението за одобрување на финансиск поддршка, Агенцијатаго известува потенцијалниот корисник дека во рок од 30 дена треба да дојде во просториите на Агенцијата да потпише „Договор за финансиска поддршка“ со Агенцијата. По потпишување на договорот потенцијалниот корисник може да отпочне со реализација на проектот. Договорот се потпишува во 4 (четири) идентични примероци од страна на корисникот и директорот на Агенцијата, од кои по два примерока добива секоја од договорните страни.

## 12.Реализација на договорот

Со реализацијата на проектот може да се почне откако договорот за кофинансирање е потпишан и може да има времетраење од максимум 2 години. Службите на Агенцијата или институции на кои Агенцијата може да делегира одговорност, ќе спроведе мониторинг и надзор над извршувањето на проектите. Следење на имплементацијата на проектот, исто така, може да се контролира преку обврската на корисникот за известување за напредокот на спроведувањето на проектот или преку извештаи од технички надзор во текот на изградбата. Само оние трошоци кои настанале откако договорот за проектот за кофинансирање помеѓу корисникот и Агенцијата е склучен, ќе се сметаат за прифатливи за кофинансирање. Исклучок од ова правило се единствено општите трошоци. Општите трошоци може да се реализираат и времето пред склучување на договорот за кофинансирање на проектот помеѓу корисникот и Агенцијата или пред издавање на решението за одобрување на проектот, но не порано од 01/01/2014. Општите трошоци може да се сметаат за прифатливи за ко-финансирање само доколку барателот побарал поддршка за општи трошоци во барањето со обезбедена детална документација за оправдување на реалноста и вистинитоста на доставените трошоци и доколку проектот на кои се однесуваат е одобрен од страна на Агенцијата и за истиот е потпишан договор. Трошоците за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект кои се на одговорност на корисникот ќе бидат прифатливи за кофинансирање само доколку активностите се во согласност со правилата за публицитет и видливост кои се применуваат за Програмата, кои детално се дефинирани во поглавје 15 на ова Упатство.

## 13. Исплата на средства

Откако ќе биде завршена инвестицијата, крајниот корисник треба да достави барање за исплата. Барањето за исплата е пропратен документ на договорот потпишан помеѓу корисникот и Агенцијата кој што крајните корисници го добиваат при потпишување на договорот, за секоја мерка поединечно. Заедно со барањето за исплата треба да се достави и останатата документација поврзана со направените трошоци (фактури, налог ПП-30, извод од банка) и останати документи наведени во самото барање за исплата. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава и со потпис на корисникот (и печат - кога корисникот е правно лице).

Барањата за исплата исто така ќе бидат достапни за подигнување во просториите на Агенцијата и од веб страната на Агенцијата.

Барањата за исплата се доставуваат согласно временскиот рок даден во договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни барањето за исплата и да ги наведе фактурите/про-фактурите кои ги доставува до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација (фактура, испратница, приемница и др документи наведени во барањето за исплата согласно типот на ивестицијата) се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи во текот на постапката за одобрување на исплата Агенцијата е должна да ги врати назад оригиналите до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Корисникот треба да се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата. Сите активности настанати пред потпишување на договорот со Агенција (освен општите трошоци) нема да се дел од финансиската поддршка. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

После административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

После извршената контрола, доколку се констатира дека инвестицијата е реализирана во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата издава Решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата издава Решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

Сите исплатени инвестиции ќе бидат објавени на веб страната на Агенцијата со цел да се запази одредбата за транспарентност на постапката, а притоа ќе бидат запазени

одредбите за заштита на личните податоци на сите корисници на средствата од ИПАРД Програмата.

### 14. Контрола на терен

Контрола на терен се врши со цел да се утврди фактичката состојба на лице место односно дали податоците наведени во предметот соодветствуваат со состојбата на лице место. Контролата ја вршат овластени лица – контролори вработени во Агенцијата.

- Контрола на лице место пред одобрување – се врши по извршената административната проверка на апликацијата и има за цел да потврди дали инвестицијата е започната пред време и дали постојат услови за реализација на истата.

- Контрола на лице место пред исплата – се врши по извршената административна проверка на барањето за исплата и има за цел да потврди дали инвестицијата е реализирана во согласност со Деловниот план, Договорот како и дали податоците наведени во барањето за исплата и документите приложени кон истото соодветствуваат со фактичката ситуација на лице место.

Контрола на лице место после исплата – се врши во период од 5 години односно за цело времетраење на договорот. Сите корисници на финансиска поддршка во периодот од 5 години ќе бидат проверени најмалку еднаш. При контролата на лице место после исплата се врши проверка дали инвестицијата се користи согласно предвидената намена, дали инвестицијата е во сопственост на корисникот, дали истата е соодветно означена како и останати обврски кои треба да се почитуваат од страна на корисникот согласно Договорот склучен помеѓу корисникот и Агенцијата.

Агенцијата по потреба може да врши и дополнителни контроли на лице место доколку постои потреба за утврдување на одредени факти. Дополнителните контроли може да се вршат за време на реализација на инвесицијата, пред финалната исплата како и за целото времетраење на договорот. На крај од секоја контрола се изготвува извештај во кој се објаснува фактичката состојба утврдена на терен.

За време на контролите барателот/корисникот е должен да обезбеди непречен пристап на контролите до сите објекти, простории, опрема како и документација која е од важност за планираната односно реализираната инвестиција.

### 15. Обележување и видливост

Сите инвестиции кои се реализирани преку ИПАРД Програмата 2014-2020 треба да бидат соодветно обележани од страна на корисникот во рок од 5 дена од денот на извршувањето на исплатата. Ова обележување е една од договорните обврски на корисникот на финансиската поддршка и е всушност негов придонес во информирање на јавноста за улогата на ЕК во финансирањето на овие проекти. Согласно Планот за активности за комуникација и видливост, корисникот е должен да ја обележи својата инвестицијата и тоа:

- Обезбедување на соодветен простор на веб страната на корисникот на финансиска поддрша ( доколку има веб-страна), краток опис на активноста, пропорционално на нивото на поддршка, вклучувајќи ги целите и резултатите, како и истакнување на финансиската поддршка од Унијата.

- Поставување на најмалку еден **постер/налепница** со информации за проектот (минимална големина А3), вклучувајќи ја финансиската поддршка од Унијата, на локација

која е лесно видлива за јавноста, како што е влезниот дел на зграда **за** инвестиции чија вкупна финансиска поддшрка не надминува 20.000 евра во денарска противвредност.

- **Плоча со објаснување (комеморативна плакета)** за инвестиции чија финансиска поддршка надминува 20.000 евра во денарска противвредност

**Привремен билборд со суштински димензии** за секоја активност која се состои од финансирање на инфраструктура и градежни работи за кои вкупната финансиска поддршка надминува 100.000 евра во денарска противвредност. Најдоцна во рок од три месеци по завршувањето на таквата активност, крајниот корисник на помошта ќе постави трајна плоча или билборд со суштински димензии, на локација која е лесно видлива за јавноста.

Деталниот изглед и димензиите на налепниците, плакетата и билбордот се дадени во Нацрт верзијата на Договорот за финансиска поддршка кој е даден во прилог 7 на ова Упатство и објавен на интернет страната на Агенцијата, www.ipardpa.gov.mk.

## 16. Контакт на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Сите потребни информации поврзани со начинот на поднесување на барањата за финансиска поддршка, барањата за измени во договорот за финасиска поддршка како и начинот и потребната документација при поднесување на барањето за исплата корисниците може да ги добијат на следнава адреса: Бул. III Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак блок С), 1000 Скопје.
Контакт телефон: 02 30 97 450
Електронска пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk.

## 17. Прилози

### Прилог 1 - Листа на прифатливи трошоци

| Листа на прифатливи трошоци за мерка – Диверзификација на фармите и развој на бизниси | |
|---|---|
| **Прифатливи трошоци** | **Опис** |
| **Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на семиња, саден материјал и мицелиум), зачински и ароматични растенија.** | Декоративни повеќегодишни растенија и дрвја, медоносни повеќегодишни растенија и дрвја. Нискостеблести растенија за био-маса и друго.<br><br>Брзорастечки дрвја со годишен прираст не помал од 15 м3 по хектар (за производство на био-енергија).<br><br>Дрвја за дрвна маса, украсни растенија и дрвја, зачински и ароматични растенија. |
| . **Набавка на нова земјоделска механизација и опрема за алтернативно земјоделско производство:**<br>**-Машини и опрема за подготовка на почва;**<br>**-Садење;**<br>**-Наводнување и одржување на култура;**<br>**-Опрема за жетва и пост-бербени активности;**<br>**-Опрема за контрола и заштита.** | Мотокултиватори, опрема за садење и калемење, ротофрези, плугови, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/ сетвоспремачи, ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, системи за наводнување капка по капка, опрема за наводнување (суб-иригација), микро-прскалки и опрема за наводнување со замаглување (пумпи за вода, базени, резервоари за вода, филтри), опрема за дистрибуција на вода, опрема за наводнување со ѓубрење (ферт-иригација), опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување, косачки, сенопревртувачи, балирачки, косачки за фураж, комбајни, опрема за утоварање, сецкалки за био-маса (добиена од земјоделски култури), машини за прочистување на зрно, калибратори и машини за грубо рамнење/чистење на почва.Опрема и машини за хидропоника и аквапоника. Опрема за надворешно и внатрешно мерење на температура, влага во почва, влажност на воздух, стерилизација на почва ииспитување на почва. Заштитни мрежи и покривки, опрема за заштита од птици и заштита од гром. Опрема за одгледување на риби и рибен подмладок. Опрема за пчеларство, производство на мед и други пчелни производи. Опрема за одгледување на дивеч. Опрема за одгледување на птици. |

| | |
|---|---|
| **Набавка на нови машини и опрема за преработкана храна и пијалоци (Опрема за прерабувачки операции - од суровина до готов производ):**<br>- Алкохолни производи од грозје или овошје и пиво;<br>- Колачи, тестенини и пекарски производи;<br>- Чај и билни екстракти;<br>- Зачини и билки;<br>- Слатководна риба, ракови и мекотели. | Опрема за прием, собирање и складирање. Опрема за подготвителни операции за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, гланцирање, сортирање, ладење на оштетени култури, детектори за метал и стакло или други цврсти материјали. Опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување. Опрема за сечење, мелење и подготовка за преработка. Машини и опрема за производни, линии/постројки за производство на храна. Опрема за филтрирање, де-аерација, ферментација, дестилација, стабилизација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација, дробилки за грозје/овошје, пумпи, филтри и компресори, rезервоари танкови, преси за шира од грозје / овошје, резервоари за зреење и складирање, дрвени буриња. Индустриски миксери. Машини и опрема за производствени линии / постројки за производство на пијалоци.<br>Опрема за конзервирање, сушење, дехидрација, замрзнување. Опрема за полнење, пакување и етикетирање. Опрема за зашеметување, навлажнување, загревање и вадење на внатрешни органи, опрема за сечење и вадење на коски. Опрема за мешање, печење, пржење и оформување. Опрема за пакување и етикетирање на готовите производи, вклучувајќи и складирање.<br>Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот. Опрема за манипулација, товарање и растоварање, виљушкари, транспортни приколки, контејнери, палети, приколки за транспорт со разладување, подвижни ленти, опрема за мерење на тежина. Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција. Опрема за третман на отпад, валоризација, манипулација и складирање. ЦИП опрема за чистење. |
| **Набавка на нови машини и опрема за преработка на не-прехрамбени производи. (Опрема за преработувачки операции - од суровина до готов производ).** | Машини и опрема за подготовка и складирање на суровини. Машини и опрема за сеча. Опрема за обработка на дрво и производи од дрво. Опрема за обработка на минерали и минерални производи. Опрема за обработка на метали и метални производи. Опрема за преработка на неметали. Опрема за подготовка на храна за животни (вклучувајќи домашни миленици). Опрема за производство на хартија и производи |

| | |
|---|---|
| | од хартија. Опрема за производство на стакло и производи од стакло. Опрема за производство на етерични масла. Опрема за производство на парфеми и тоалети. Опрема за производство на растителни производи. Опрема за производство на природни и минерални ѓубрива. Опрема за производство на препарати за заштита на растенијата (инсектициди, пестициди, хербициди) и други агрохемиски производи. Опрема за канцеларии, продавници и мебел.Опрема за производство на текстил и облека. Производство на готови текстилни производи (освен облека). Опрема за обработка на кожа и крзно и производство на крзнени и кожни производи. Опрема за производство на санитарни и хигиенски производи. Опрема за производство на гума, пластика и производи од гума и пластика. Опрема за производство на чевли и чанти. Опрема за производство на додатоци за мажи и жени. Опрема за производство на градежни материјали и производи. Опрема за производство на хемикалии. Опрема за производство на механички делови и компоненти. Опрема за производство на електронски делови и компоненти.<br>Опрема за пакување и етикетирање на готовите производи, вклучувајќи складирање.<br>Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот. Опрема за манипулација, товарање ирастоварање, виљушкари, транспортни приколки, контејнери, палети, приколки за транспорт со разладување, подвижни ленти, опрема за мерење на тежина. Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција. Опрема за третман на отпад, валоризација, манипулација и складирање. ЦИП опрема за чистење. |
| **Набавка на нови машини и опрема зазанаетчискиактивности.**<br>(Опрема за преработувачки операции - од суровина до готов производ).<br><br>Само за активности кои се регистрирани во “Правилникот за определување на активности кои | Опрема за прием, собирање и складирање. Опрема за електро -машински активности. Опрема за сеча и обработка на дрво. Опрема за производство на текстил. Опрема за производство на прехрамбени производи. Опрема за производство на метални и неметалнипроизводи.Опрема за производство на хартија. Опрема за производство на ракотворби. Опрема за пакување и етикетирање на готови производи вклучувајќи и складирање. |

| | |
|---|---|
| може да се вршат од страна на занаетчии". | |
| **Набавка на машини и опрема за обезбедување на услуги во руралните средини:**<br>-Сервиси за поправка и одржување;<br>-Услуги за просторно уредување;<br>-Услуги за нега на домашни миленици;<br>-Услуги за нега на лица (домови за стари лица, домови за рехабилитација, итн);<br>-Услуги за целодневна нега на деца;<br>-Центри за обука и едукација за било која професија, хобија или за цели поврзани со сопствениот развој, спорт и рекреација, услуги за поддршка на образованието, ИТ центри;<br>-Транспортни услуги;<br>- Кино, локални радио станици. | Машини, опрема и алати за поправка и одржување на не-земјоделски машини и моторни возила (автомобили,камиони, автобуси, мотоцикли, итн). Машини, опрема и алати за поправка и одржување на предмети за лична употреба: велосипеди, облека, спортска опрема (освен спортски пушки) и опрема за кампување, книги, музички инструменти (со исклучок на оргули и историски музички инструменти), мебел и покуќнина, играчки и слични производи за домаќинство  и лична употреба. Опрема и алати за поправка и одржување на компјутери идополнителна опрема, комуникациска опрема, електроника, апарати за домаќинство и опрема за домашни градини. Машини (мали машини за копање, мини багери, мулти теренски натоварувачи, мини натоварувачи, косилки, дувалки и тримери) опрема и алати за услуги за просторно уредување (расчистување на простор, проектирање, инсталација, одржување, одржување на градини и сл.) Опрема и алати за коса и козметички услуги. Опрема и алатки кои се користат за нега на домашни миленици. Опрема за нега на лица, услуги за целодневна нега на деца. Опрема за обука и образовни центри, кино и локални радио/ телевизиски станици. |
| **Набавка на нови машини и опрема за услуги за земјоделско производство:**<br>- Ветеринарни услуги;<br>- Машини и опрема за одржување и поправка на земјоделска механизација;<br>- Изнајмување на земјоделска механизација, машини и опрема. | Опрема за ветеринарни услуги, хоспитализација на животни, хранење, напојување, карантин и отстранување на мрши, лабораториска опрема и апарати заанализа на производи. Машини, опрема и алат за поправка и одржување на не-земјоделски машини. Земјоделски машини и опрема за примарно земјоделско производство (само за изнајмување). Трактори до 100 kW за задруги (само за изнајмување). Комбајни за жетва (само за изнајмување) максимално до 6-та класа. Мали (двоседни) возила наменети за ветеринарни услуги. |
| **Набавка на нова опрема за рурален туризам.** | Опрема за сместувачки капацитети/ бунгалови (Мебел, апарати и друга опрема за санитарен дел, административен дел, заеднички простории, итн). Опрема за угостителство и кујнска опрема, вклучувајќи кујнски и угостителски прибор. Опремување на рекреативни и спортски објекти, (отворени и затворени). Опрема и машини за уредување на дворови, декорација на градини, патеки, |

| | |
|---|---|
| | фонтани, надворешно осветлување, надворешни скари, затворени градини, летниковци, видиковци, маси и седишта за пикник, итн. |
| **Прифатливи трошоци кои се однесуваат на сите приоритетни сектори** | |
| **Прифатливи трошоци** | **Опис** |
| **Градежни материјали и елементи за изградба на нови објекти илиреконструкција и адаптација на постоечки објекти (згради и инфраструктура за целосно функционален капацитет), како и пластеници / стакленици:**<br>-Инсталација на соодветнатаопрема;<br>-Достигнување на стандарди за заштита на животната средина;<br>-Обезбедување на хигиенски и санитарни услови;<br>-Обезбедување на административен простор;<br>-Помошни простории (за складирање, гаражи, итн);<br>-Капацитети за внатрешно и надворешно сместување и за рекреативни цели;<br>-Обезбедување на пристап, уредување и оградување. | Сите материјали кои се користат за изградба на подови, ѕидови и тавански површини, како и сите премази и сврзни смеси кои се користат во производството и услужните објекти прифатливи за поддршка во рамките на Мерка: "Диверзификација на фармите и развој на бизниси", како и за административен простор, пунктови за малопродажба, лабораториски и санитарни уредувања и инфраструктура за производство или услужна активност. Облоги за ѕид, таван и под, ѕидни и тавански панели, цевки, врати, прозорци, системи за греење и вентилација (климатизација и воздушно прочистување), одвод, канализација, третман на отпад и системи завалоризацијана отпад, елементи за водовод и електрична енергија (пумпни станици, артески бунари), вклучувајќи практики за заштеда на енергија и користење на обновливи енергии. Столбови направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, сидра за заземјување на инсталацијата и ремените, поцинкован челик, жица, рамки изработени од метал, пластични облоги. Градежни материјали/ компоненти за внатрешни пристапни патишта и воспоставување на патна мрежа, уредување и оградување напростор. Инсталации за снабдување со електрична енергија, водоснабдување и канализација, пумпни станици, артески бунари. |
| **Работни операции и услуги** | Сите потребни работни операции и услуги за реализација на проектната инвестиција:<br>- Подготовка на терен;<br>- Градежни работи;<br>- Реконструктивни работи;<br>- Инсталација. |
| **Компјутерска опрема** | Компјутерска опрема и софтвер, вклучувајќи сензори<br>(само за соодветната опрема и производство) |
| **Општи трошоци** | Подготовка на техничка документација,градежни планови,пресметкина трошоци, анализи, управување со проекти:<br>- Архитекти; |

| | |
|---|---|
| | - Инженери;<br>- Консултанти;<br>Стекнување на патентни права и лиценци, системи за управување со:<br>-ISO;<br>-HACCP;<br>-GMP (Добри производни практики);<br>Публикација и информативни материјали:<br>- Билборди;<br>- Плакети;<br>- Налепници. |

**Прилог 2 - Листа на рурални подрачја**

| Општина | Населени места определени како руралните области (ЛАЕ 2) Листа на населено место на ниво на општината со ≤ 30 000 жители (попис 2002) |
|---|---|
| Аеродром | Село: Долно Лисиче. |
| Арачиново | Села: Арачиново, Грушино, Мојанци и Орланци. |
| Берово | Град: Берово и селата: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово. |
| Битола | Села: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци,Долно Егри, Долно Оризари, Дргарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирново, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Оштрец, Пешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свињиште, Секирани, Снегово,Средно Егри, Српци, Старо Змирново, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец. |
| Богданци | Град: Богданци и селата: Ѓавато, Селемли и Стојаково. |
| Боговиње | Села: Боговиње, Горно Палчиште, Горно Седларце, Долно Палчиште, Јеловјане, Камењане, Жеровјане, Новаци, Ново Село, Пирок, Раковец, СелцеКеч, Синичане и Урвич. |
| Босилово | Села: Бориево, Босилово, Гечерлија, Дрвош, Еднокуќево, Иловица, Моноспитово, Петралинци, Радово, Робово, Сарај, Секирник, Старо Балдовци, Турново, Хамзали и Штука. |
| Брвеница | Села: Блаце, Брвеница, Волковија, Гургурница, Долно Седларце, Милетино, Радиовце, Стенче, Теново и Челопек. |
| Бутел | Села: Визбегово, Љубанци, Љуботен и Радишани. |
| Валандово | Град: Валандово и селата: Ајранли, Аразли, Бајрамбош, Балинци, Баракли, Башали, Башибос, Брајковци, Булунтули, Вејсели, Градец, Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен,Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честево. |
| Василево | Села: Ангелци, Варварица, Василево, Висока Маала, Владиевци, Градошорци, Доброшинци, Дукатино, Едрениково, Кушкулија, Нивичино, Нова Маала, Пиперево, Радичево, Седларци, Сушево, Требичино и Чанаклија. |
| Вевчани | Село: Вевчани. |
| Велес | Села: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Отовица, Раштани, Рлевци, Рудник, Селп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци. |

| | |
|---|---|
| Виница | Град: Виница и селата: Блатец, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино и Црн Камен. |
| Врапчиште | Села: Врановци, Врапчиште, Галате, Градец, Горјане, Добри Дол, Ѓурѓевиште, Зубовце, Калиште, Ломница, Неготино-Полошко, Ново Село, Пожаране, Сенокос и Топлица. |
| Гази Баба | Села: Брњарци, Булачани, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Сингелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Црешево и Трубарево. |
| Гевгелија | Град: Гевгелија и селата: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Коњско,Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Коњско, Петрово,Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума. |
| Гостивар | Села: Балин Дол, Беловиште, Бродец, Вруток, Горна Бањица, Горно Јеловце, Горна Ѓоновица, Дебреше, Долна Бањица, Долно Јеловце, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Куново, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Мердита, Митрој Крсти, Падалиште, Печково, Симница, Србиново, Сушица, Страјане, Равен, Речане, Трново, Тумчевиште, Кафа, Форино, Чајле и Чегране. |
| Градско | Села: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци, Кочилари, Куридере, Ногаевци, Подлеш, Свеќани, Скачинци, Убого и Уланци. |
| Дебар | Град: Дебар и селата: Баниште, Бомово, Гари, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Коњари, Кривци, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Селокуќи, Спас, Татар Елевци, Трнаник, Хаме и Џепиште. |
| Дебарца | Села: Арбиново, Белчишта, Ботун, Брежани, Велмеј, Волино, Врбјани, Годивје, Горенци, Горно Средоречје, Грко Поле, Долно Средоречје, Злести, Издеглавје, Климештани, Лактиње, Лешани, Мешеишта, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Оровник, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Требеништа, Турје и Црвена Вода. |
| Делчево | Град: Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Звегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловечкото, Селник, Стамер, Стар Истевник, Тработивиште, Турија и Чифлик. |
| Демир Капија | Град: Демир Капија и селата: Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевец и Чифлик. |
| Демир Хисар | Град: Демир Хисар и селата: Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Зурче, Загориче, Зашле, Кочиште, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суво Грло, Суводол, Утово и Церово. |
| Дојран | Села: Дурутли, Ѓопчели, Куртамзали, Николиќ, Нов Дојран, Органџали, Севендекли, Сретеново, Стар Дојран, Фурка, Црничани, Чаушли и Џумабос. |

| | |
|---|---|
| Долнени | Села: Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиразни, Дабјани, Дебреште, Десово, Долгаец, Долнени, Дреновци, Дупјачани, Жабјани, Житоше, Забрчани, Заползани, Зрзе, Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажани,Локвени, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Сарандиново, Секирци, Сенокос, Слепче, Демирхисарско, Сливје, Средорек, Стровија и Црнилиште. |
| Ѓорче Петров | Села: Волково, Грачани, Кучково, Никиштане, Ново Село и Орман. |
| Желино | Села: Горна Лешница, Групчин, Добарце, ДолнаЛешница, Желино, Копачин Дол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик. |
| Зелениково | Села: Вразале, Градовци, Гумалево, Дејковец, Добрино, Зелениково, Ново Село, Орешани, Пакошево, Палиград, Смешница, Страхојадица, Таор и Тисовица. |
| Зрновци | Села: Видовиште, Зрновци, и Мородвис. |
| Илинден | Села: Ајватовци, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Дељадровци, Илинден, Кадино, Марино, Миладиновци, Мралино, Мршевци и Текија. |
| Јегуновце | Села: Беловиште, Вратница, Зилче, Јажинце, Јанчиште, Јегуновце, Копанце,Орашје, Подбреѓе, Прељубиште, Раотинце, Ратае, Рогачево, Сиричино, Старо Село, Туденце и Шемшово. |
| Кавадарци | Град: Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче,Ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишик, Горна Бошава, Грбовец,Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгозел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена,Мрежичко, Праведник, Резаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец. |
| Карбинци | Села: Аргулица, Батање, Вртешка, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија,Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Ноември Караорман, Оџалија, Припечани,Прналија, Радање, Руљак, Таринци и Црвулево. |
| Карпош | Села: Бардовци и Горно Нерези. |
| Кисела Вода | Села: Драчево и Усје. |
| Кичево | Град: Кичево и селата: Кнежино, Лазаровци, Мамудовци, Осој, Раштани, Трапчин Дол, Атишта, Бигорски Доленци, Вранештица, Дупјани, Карбуница,Козичино, Крушница, Миокази, Орланци, Патец, Рабетино, Речани-Челопечко, Светораче, Стаорец, Челопеци, Белица, Брждани, Видрани,Големо Церско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Долна Душегубица,Долно Добреноец, Другово, Ехлоец, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јудово,Кладник, Кленоец, Козица, Лавчани, Малкоец, Мало Церско, Манастирско Доленци, Подвис, Попоец, Пополжани, Простране, Свињиште, Србјани, Цер,Бачишта, Букојчани, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долно Строгомиште, Зајас, Колари, Колибари, Лешница, Мидинци, Речани - Зајаско, |

| | |
|---|---|
| | Тајмиште, Арангел, Бериково, Гарани, Зубрино, Јагол, Доленци, Ново Село,Осломеј, Папрадиште, Поповјани, Премка, Србица, Стрелци, Туин, Црвивци и Шутово. |
| Конче | Села: Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовик, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовик, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитец и Скоруша. |
| Кочани | Град: Кочани и селата: Безиково, Бели, Вранинци, Горни Подлог, Горно Градче, Главовица, Грдовци, Долни Подлог, Долно Градче, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Мојанци, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Тркање и Црвена Нива. |
| Кратово | Град: Кратово и селата: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Димонце, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Којково, Коњух, Крилатица, Куклица, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Пендак, Приковци, Секулица, Страцин , Талашманце, Татомир, Тополовик, Трновац, Туралево, Филиповци, Шлегово и Шопско Рударе. |
| Крива Паланка | Град: Крива Паланка и селата: Бес, Бастево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Лука, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Моздивњак, Нерат, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Телминци, Трново и Узем. |
| Кривогаштани | Села: Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино, Рувци, Подвис и Славеј. |
| Крушево | Град: Крушево и селата: Алданци, Арилево, Белушино, Бирино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Јакреново, Милошево, Норово, Острилци, Пресил, Пуста Река, Саздево, Свето Митрани и Селце. |
| Куманово | Села: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вакев, Винце, Габреш, Горно Коњаре, Градиште, Делга, Доброшане, Довезанце, Долно Коњаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечевце, Кокошиње, Количко, Косматац, Кутлибег, Кучкарево, Кешање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен. |
| Липково | Села: Алашевце, Белановце, Ваксинце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор, Липково, Лојане, Матејче, Никуштак, Опае, Оризари, Отља, Ренковце, Ропалце, Руница, Слупчане, Стража и Стрима. |
| Лозово | Села: Аџибегово, Аџиматово, Бекирлија, Дорфулија, Ѓуземелци, Каратманово, Кишино, Лозово, Милино, Сарамзалино и Коселари. |
| Маврово и Ростуше | Села: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Акчилница, Кракорница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Оркуше, Присојница, |

| | |
|---|---|
| | Росоки, Ростуша, Рибница, Селце, Сенце, Скудриње, Сретково, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче и Церово. |
| Македонска Каменица | Град: Македонска Каменица и селата: Дулица, Косевица, Костин Дол, Луковица, Моштица, Саша, Тодоровци и Цера. |
| Македонски Брод | Град: Македонски Брод и селата: Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Вир, Волче, Горни Манастирец, Горно Ботушје, Горно Крушје, Грешница, Девич, Долни Манастирец, Долно Ботушје, Долно Крушје, Драгов Дол, Дреново, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Изиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Латово, Локвица, Лупште, Могилец, Модриште, Ореовец, Рамне, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатина, Старо Село, Суводол, Сушица, Тазево, Томино Село, Тополница, Требимо, Требовље и Црешнево. |
| Могила | Села: Алинци, Беранци, Будаково, Вашарејца, Горна Чарлија, Долна Чарлија, Дедебалци, Добрушево, Долно Српци, Ивањевци, Лознани, Могила, Мојно, Мусинци, Новоселани, Ношпал, Подино, Путурус, Радобор, Свето Тодори, Стапица, Трновци и Црничани. |
| Неготино | Град: Неготино и селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба. |
| Новаци | Села: Арматуш, Балдовенци, Бах, Биљаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Врањевци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеж, Горно Агларци, Градешница, Грумази, Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци, Долно Орехово, Живојно, Зовик 1, Зовик 2, Ивени, Маково, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орле, Паралово, Петалино, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Совик, Старавина, Суво Дол и Тепавци. |
| Ново Село | Села: Бадолен, Бајково, Барбарево, Борисово, Дражево, Зубово, Колешино, Мокриево, Мокрино, Ново Коњарево, Ново Село, Самоилово, Смолари, Старо Коњарево, Стиник и Сушица. |
| Охрид | Села: Вапила, Велгошти, Велестово, Горно Лакочереј, Долно Коњско, Долно Лакочереј, Елшани, Завој, Коњско, Косел, Куратица, Лагадин, Лескоец, Ливоишта, Љубаништа, Опеница, Орман, Пештани, Плаке, Подмоље, Рамне, Расино, Речица, Свиништа, Сирула, Скребатно, Трпејца и Шипокно. |
| Петровец | Села: Бадар, Блаце, Брезница, Горно Коњари, Градманци, Дивље, Долно Коњари, Катланово, Козле, Летевци, Огњанци, Петровец, Р"жаничино, Средно Коњари, Сушица и Којлија. |
| Пехчево | Град: Пехчево и селата: Негрево, Панчарево, Робово, Умлена, Црник и Чифлик. |
| Пласница | Села: Дворци, Лисичани, Пласница и Преглово. |
| Прилеп | Села: Алинци, Беловодица, Беровци, Бесиште, Бонче, Вепрчани, Веселчани, Витолиште, Волково, Врпско, Галичани, Голем Радобил, Големо Коњари, Гуѓаково, Дабница, Дрен, Дуње, Ерековци, Живово, Загорани, Кадино Село, Кален, Канатларци, Клепач, Кокре, Крушевица, Крстец, Леништа, Лопатица, Мазучиште, Мал Радобил, Мало Коњари, Мало Рувци, Манастир, Марул, Никодин, Ново Лагово, Ореовец, Пештани, Плетвар, |

| | |
|---|---|
| | Подмол, Полчиште, Прилепец, Присад, Ракле, Селце, Смолани, Старо Лагово, Топлица, Тројаци, Тополчани, Тројкрсти, Царевик, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци и Штавица. |
| Пробиштип | Град: Пробиштип и селата: Бунеш, Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гујновци, Добрево, Долни Стубол, Долно Барбарево, Древено, Дренок, Зарепинци, Зеленград, Злетово, Јамиште, Калниште,Куково, Кундино, Лезово, Лесново, Марчино, Неокази, Пестршино, Петришино, Пишица, Плешанци, Пуздерци, Ратавица, Стрисовци, Стрмош, Трипатанци, Трооло, Турско Рудари и Шталковица. |
| Радовиш | Град: Радовиш и селата: Али Коч, Али Лобаси, Бучим, Воиславци, Дамјан, Држани, Дурутлија, Злеово Ињево, Јаргулица, Калаузлија, Калуѓерица, Каралобоси, Караџалар, Козбунар, Коџалија, Ново Село, Ораовица, Папавница, Погулево, Подареш , Покрајчево, Прналија, Раклиш, Сариѓол, Смиланци, Сулдурци, Супурге, Тополница, Коселија, Худаверлија, Чешме Маале, Шаинташ, Шипковица и Штурово. |
| Ранковце | Села: Баратлија, Ветуница, Врзогрнци, Герман, Гиновци, Гулинци, Криви Камен, Љубинци, Милутинце, Одрено, Опила, Отошница, Пеклиште, Петралица, Псача, Радибуш, Ранковце и Станча. |
| Росоман | Села: Дебриште, Камен Дол, Крушевица, Манастирец, Мрзен, Ораовец, Паликура, Рибарци, Росоман, Сирково, Трстеник. |
| Ресен | Град: Ресен и селата: Арвати, Асамати, Болно, Брајчино, Волкодери, Горна Бела Црква, Горно Дупени, Горно Крушје, Грнчари, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерани, Златари, Избишта, Илино,Јанковец, Козјак, Коњско, Крани, Кривени, Курбиново, Лавци, лева Река, Лескоец, Љубојно, Наколец, Отешево, Петрино, Подмочани, Покрвеник, Прељубје, Претор, Рајца, Сливница, Сопотско, Стење, Стипона, Царев Двор, Штрбово и Шурлевци. |
| Сарај | Села: Арнакија, Бојане, Буковиќ, Глумово, Горно Свиларе, Грчец, Дворце, Долно Свиларе, Кондово, Копаница, Крушопек, Ласкарци, Љубин, Матка, Паничари, Радуша, Раовик, Рашче, Рудник Радуша, Семениште, Чајлане и Шишево. |
| Свети Николе | Град: Свети Николе и селата: Алакинце, Амзабегово, Арбашанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓурѓанце, Горно Црнилиште, Горобинци, Делисинци, ДолноЃурѓанце, Долно Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Мездра, Мечкуевци, Мустафино, Немањица, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранчинци, Сопот, Стануловци, Стањевци, Строиманци и Трстеник. |
| Сопиште | Села: Барово, Говрлево, Горно Соње, Добри Дол, Долно Соње, Држилово, Јаболци Нова Брезница, Патишка Река, Ракотинци, Света Петка, Сопиште и Чифлик. |
| Старо Нагоричане | Села: Алгуња, Аљинце, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Војник, Враготурце, Врачевце, Дејловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Дренок, Зегљане, Зељувино, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино, Мегленце, Макреш, Малотино, Младо Нагоричане, Никуљане, Облавце, Орах, Осиче, Пелинце, Пузајка, |

| | |
|---|---|
| | Рамне, Руѓинце, Старо Нагоричане, Стрпанце, Стрезовце, Стрновац, Цветишница, Цвиланце и Челопек. |
| Студеничани | Села: Алдинци, Батинци, Вртекица, Горно Количани, Долно Количани, Драчевица, Елово, Калдирец, Малчиште, Маркова Сушица, Морани, Осинчани, Пагаруша, Рамни Габер, Студеничани, Умово, Цветово, Црвена Вода и Црн Врв. |
| Струга | Град: Струга и селата: Безово, Бицево, Богојци, Бороец, Брчево, Буринец Велешта, Вишни, Враниште, Глобочица, Горна Белица, Горно Татеши, Долна Белица, Делогозди, Добовјани, Долно Татеши, Драслајца, Дренок, Заграчани, Збазди, Јабланица, Калишта, Коросишта, Лабуништа, Лакаица, Ливада, Лозани, Локов, Луково, Мали Влај, Мислешево, Мислодежда, Модрич, Мороишта, Нерези, Ново Село, Октиси, Радожда, Радолишта, Франгово, Шум, Пискупштина, Подгорци, Поум, Присовјани, Резаново, Селци, Ташмаруништа, Тоска и Цепин. |
| Струмица | Села: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рик, Сачево, Свидовица, Три води и Чепели. |
| Теарце | Села: Брезно, Варвара, Глоѓи, Доброште, Јелошник, Лешок, Непроштено, Нераште, Одри, Првце, Пршовце, Слатино и Теарце. |
| Тетово | Села: Бозовце, Бродец, Вејце, Вешала, Гајре, Голема Речица, Ѓермо, Једоарце, Лавце, Лисец, Мала Речица, Отуње, Порој, Саракино, Селце, Сетоле, Фалиш, Цепчиште и Шипковица. |
| Центар Жупа | Села: Бајрамовци, Баланци, Брештани, Броштица, Власики, Голем Папрадник, Горно Мелничани, Горенци, Долгаш, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житинени, Кочишта, Коџаџик, Мал Папрадник, Новак, Осолница, Оџовци, Пареши, Праленик, Центар Жупа и Црно Боци. |
| Чашка | Села: Бањица, Бистрица, Богомила, Бусилци, Владиловци, Витанци, Војница, Габровник, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Долно Врановци, Долно Јаболчиште, Дреново, Еловец, Извор, Капиново, Крајници, Крива Круша, Крнино, Лисиче, Мартолци , Мелница, Мокрени, Нежилово, Ново Село, Корморани, Ораов Дол, Ореше, Отиштино, Папрадиште, Плевење, Поменово, Попадија, Раковец, Смиловци, Согле, Стари Град, Степанци, Теово, Црешнево и Чашка. |
| Чешиново-Облешево | Села: Бања, Бурилчево, Врбица, Зиганци, Кучичино, Лепопелци, Ново Селани, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Уларци, Чешиново и Чифлик. |
| Чучер Сандево | Села: Бањане, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Глуво, Горњане, Кучевиште, Мирковци, Побожје, Танушевци и Чучер-Сандево. |
| Штип | Села: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамујарци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Почивало, Пухче, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судик, Сушево, Танатарци, Тестемелци, Топлик, Три Чешми, |

| | |
|---|---|
| | Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија и Шопур. |
| Шуто Оризари | Село: Горно Оризари |
| Вкупно назначени рурални населби | 1758 |

**Прилог 3 - Листа на производи од Анекс I на Договорот за ЕУ**

| (1)<br>Број во Бриселската номенклатура | (2)<br>Опис на производи |
|---|---|
| Поглавје 1 | Живи животни |
| Поглавје 2 | Месо и јадливи месни отпадоци |
| Поглавје 3 | Риби, ракови и мекотели |
| Поглавје 4 | Млечни производи; јајца птици; природен мед |
| Поглавје 5 | |
| 05.04 | Цревата, мочниот меур и желудници од животни (освен од риби), цели и парчиња од нив |
| 05.15 | Животински производи на друго место неспомнати или опфатени; мртви животни од Поглавје 1 или Поглавје 3, непогодни за човечка исхрана |
| Поглавје 6 | Живи дрвја и други растенија; луковици, корени и слично; сечено цвеќе и украсни лисја |
| Поглавје 7 | Зеленчук и некои корења и грутки |
| Поглавје 8 | Јадење овошје и јатчесто овошје; кори од агруми или дињи |
| Поглавје 9 | Кафе, чај и зачини, со исклучок на мате-чај (тарифен број 0903) |
| Поглавје 10 | Житарици |
| Поглавје 11 | Производи од мелничката индустрија; слад и скроб; глутен; инулин |
| Поглавје 12 | Маслодајни семиња и маслодајна плодови; разни зрна, семиња и плодови; индустриски и медицински растенија; слама и добиточна храна |
| Поглавје 13 | |
| ех13.03 | Пектин |
| Поглавје 15 | |
| 15.01 | Свинска маст и други производи од свинска маст; други производи од живинска маст |
| 15.02 | Непреработени масти од говеда, овци или кози; лој (вклучувајќи „ premier jus“ произведен од тие масти |
| 15.03 | Стеаринска маст, олеостеарин и стеарински лој; маст, маслено масло и лојно масло, не емулгирани или мешани или подготвени на било кој начин |
| 15.04 | Масти и масло, риба и морски цицачи, без разлика дали се или не рафинирани |
| 15.07 | Заситени растителни масла, течни или цврсти, сурови, рафинирани или прочистени |

| | |
|---|---|
| 15.12 | Животински или растителни масти и масла, хидрогенизирани, без разлика дали се или не рафинирани, но не за понатамошна подготвка |
| 15.13 | Маргарин, имитација на маст и други преработени масти за јадење |
| 15.17 | Резидуи кои произлегуваат од третман на масни супстанции и животински или растителни восоци |
| Поглавје 16 | Преработки од месо, риби, лушпари или мекотелци |
| Поглавје 17 | |
| 17.01 | Шеќерна репка и шеќерна трска, цврст состојба |
| 17.02 | Други шеќери; шеќерни сирупи; вештачки мед (без разлика дали се или не се меша со природен мед); карамел |
| 17.03 | Меласа, без разлика дали е или не е обезбоена |
| 17.05(1) | Зачинети или обоени шеќери, сирупи и меласа, но не и овошни сокови со додаток на шеќер во било кој процент |
| Поглавје 18 | |
| 18.01 | Зрна какао, цели или искршени, сурови или печени |
| 18.02 | Какао школки, лушпи, кожи и отпад |
| Поглавје 20 | Производи од зеленчук, овошје или други делови од растенија |
| Поглавје 22 | |
| 22.04 | Шира од грозје, во ферментација или со стопирана ферментација на друг начин освен со додавање на алкохол |
| 22.05 | Вино од свежо грозје; шира од грозје со стопирана ферментација со додавање на алкохол |
| 22.07 | Други ферментирани пијалаци (на пример, јаболковина, крушковача и медовина) |
| ex22.08(1)<br>ex22.09(1) | Етил алкохол или неутрални алкохолни пијалоци, без разлика дали се или не се денатурирани, со која и да било јачина, добиени од земјоделски производи наведени во Анекс I на Договорот, освен ликери и други алкохолни пијалаци и сложени алкохолни препарати (познат како «концентрирани екстракти») за производство на пијалаци |
| ex22.10(1) | Оцет и замена за оцет |
| Поглавје 23 | Остатоци и отпадоци од прехранбената индустрија; готова сточна храна |
| Поглавје 24 | |
| 24.01 | Непреработен тутун, отпадоци од тутун |
| Поглавје 45 | |

| | |
|---|---|
| 45.01 | Природна плута, необработена, мелена, гранулирана или дробена; плута отпад |
| Поглавје 54 | |
| 54.01 | Лен, суров или обработен но непреден; влачен лен и отпад (вклучувајќи извлачени или влакнести крпи) |
| Поглавје 57 | |
| 57.01 | Коноп (Cannabis sativa), суров или обработен но непреден; влачен и отпадоци од коноп (вклучувајќи извлачени или развлакнени крпи или јажиња) |

**Прилог 4-Листа на минимални национални стандарди релевантни за спроведувања на ИПАРД 2014-2020**
**Мерка – ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА МАЛИ БИЗНИСИ**

| Бр. | Специфични ИПАРД инвестициска активност | Законски прописи со кои се пропишани минимални национални стандарди | Стандарди усогласени со ЕУ (каде што е применливо) |
|---|---|---|---|
| 1. | **Инвестиции во рурален туризам** | **Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13,42/14, 44/15, 129/2015, 192/15 и 39/16)**<br><br>Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 74/05)<br><br>Правилник за постапката за издавање дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник наРепублика Македонија, бр. 04/06)<br><br>Правилник за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на Република Македонија, бр. 04/06)<br><br>Правилник за постапката за добивање А-интегрирана еколошка дозвола (Службен весник 04/06)<br><br>**Закон за безбедност на храна (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16)** | Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment<br><br>Council Directive of 21 May 1991 concerning urban waste water treatment 91/271/EEC |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Правилник за формата и содржината на регистарот на храна објекти и оператори и начинот и постапката за регистрација на објекти и оператори со храна (Службен весник 19/08)<br><br>**Закон за безбедност и здравје при работа (Службен весник на Република Македонија, бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/ 13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 )**<br><br>Правилникот за знаци за безбедност и здравје при работа (Сл. весник 127 / 07)<br><br>Правилник за начинот наводење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа (Сл.весник 136/07)<br><br>**Закон за туристичка дејност (Службен весник 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16)**<br><br>**Закон за угостителска дејност (Службен весник 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16)**<br><br>Правилник за услови за категоризација на објектите за вршење (Службен весник на Република Македонија, бр.16/06)<br><br>Правилник за минимално техничките услови за вршење на угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија, бр.16/06)<br><br>Правилник за изменување на правилникот за минимално техничките услови за вршење на угостителската дејност ( Службен весник на Република Македонија, бр.44/2013) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Правилник за изменување на Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејнос) ( Службен весник на Република Македонија, бр. 87/12)<br><br>Правилник за формата и содржината на образецот на ознаката национален ресторан - меана ( Службен весник на Република Македонија, бр 149/14)<br><br>Правилник за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката Службен весник на Република Македонија, бр. 169/14) | |
(г) претпријатие, кое е акционер или член на друго претпријатие, самостојно контролира, во согласност со договор со други акционери или членови на тоа претпријатие, мнозинство од правата на глас на акционерите или членовите во тоа претпријатие.

Постои претпоставка дека нема доминантно влијание ако инвеститорите наведени во вториот потстав од став 2 не се вклучуваат директно или индиректно во управувањето со претпријатието за кое станува збор, без да се нарушат нивните права како засегнати страни.

Исто така, се смета дека претпријатијата кои имаат некоја од односите опишани во првиот потстав преку едно или повеќе други претпријатија или некој од инвеститорите споменати во став 2, исто така се сметаат за поврзани.

Претпријатија кои имаат една или друга таква врска преку физичко лице или група на физички лица кои дејствуваат заеднички, исто така, се сметаат за поврзани претпријатија доколку тие се ангажираат во својата дејност или во дел од својата дејност на истиот релевантен пазар или во соседните пазари.

Под „соседен пазар" се смета дека е пазар за производ или услуга што се наоѓа директно над или под релевантниот пазар.

4. Освен во случаите утврдени во став 2, втор потстав, едно претпријатие не може да се смета за МСП, ако едно или повеќе јавни тела директно или индиректно се контролирани во висина од 25% или повеќе од капиталот или гласачкото право од страна на еден или повеќе јавни тела.

5. Претпријатието може да даде изјава за статус на автономно претпријатие, партнерско претпријатие или поврзано претпријатие, вклучувајќи ги и податоците во врска со границите утврдени во член 2. Изјавата може да се направи дури и ако капиталот се распространи на таков начин што е не е можно да се утврди точно од кого се одржува, во кој случај претпријатието може со добра волја да изјави дека може легитимно да претпостави дека не е сопственост на 25% или повеќе од едно претпријатие или заеднички од претпријатија поврзани едно со друго. Таквите изјави се вршат без повреда на проверките и истрагите предвидени со националните правила или правила на Заедницата.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛ

Член 4

Податоци кои се користат за бројот на вработените и финансиските износи и референтниот период

1. Податоците кои се применуваат на бројот на вработените и финансиските износи се оние што се однесуваат на последниот одобрениот пресметковен период и се пресметуваат на годишна основа. Тие се земени предвид од датумот на затворање на сметките. Избраниот износ за прометот се пресметува без данок на додадена вредност (ДДВ) и други индиректни даноци.

2. Кога, на денот на затворањето на сметките, претпријатието утврди дека на годишна основа ги надминало или паднало под бројот или финансиските ограничувања наведени во член 2, тоа нема да резултира со загуба или стекнување на статусот на средни, мали или микро-претпријатија, освен ако овие граници се надминати во текот на два последователни пресметковни периоди.

3. Во случај на новоформирани претпријатија чии сметки сè уште не се одобрени, податоците што треба да се применат треба да се извлечат од веродостојна проценка направена во текот на финансиската година.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛ

Член 5

Број на вработени

Бројот на гласови одговара на бројот на годишни работни единици (ГРЕ), односно бројот на лица кои работеле со полно работно време во рамките на претпријатието за кое станува збор или во негово име во текот на целата референтна година што се разгледува. Работата на лицата кои не работеле цела година, работата на оние кои работеле со скратено работно време, без оглед на времетраењето и работата на сезонските работници, се сметаат како фракции на ГРЕ. Персоналот се состои од:

(а) вработени;

(б) лица кои работат за претпријатието кое е подредено на него и се смета дека се вработени според националното право;

(в) сопственици-менаџери;

(г) партнери кои се занимаваат со редовна активност во претпријатието и имаат корист од финансиските предности од претпријатието.

Приправниците или студентите ангажирани во стручна обука со договор за школување или стручна подготовка не се вклучени како персонал. Времетраењето на породилно или родителско отсуство не се брои.

Член 6

Воспоставување на податоци на претпријатието

1. Во случај на автономно претпријатие, податоците, вклучувајќи го и бројот на вработените, се утврдуваат исклучиво врз основа на сметките на тоа претпријатие.

2. Податоците, вклучувајќи го бројот на вработените, на претпријатие кое има партнерски претпријатија или поврзани претпријатија се утврдуваат врз основа на сметките и другите податоци на претпријатието или, таму каде што постојат, консолидираните сметки на претпријатието или консолидираните сметки во кој претпријатието е вклучено преку консолидација.

На податоците наведени во првиот потстав се додаваат податоците на секое партнерско претпријатие на претпријатието кое се наоѓа веднаш поставено над или под него. Агрегацијата е пропорционална со процентуалното учество во капиталот или гласачкото право (кое е поголемо). Во случај на крос-холдинзи, се применува поголем процент.

На податоците наведени во првиот и вториот потстав се додава 100% од податоците на секое претпријатие кое е директно или индиректно поврзано со претпријатието за кое станува збор, каде што податоците не биле вклучени во консолидацијата во сметките.

3. За примена на став 2, податоците од партнерските претпријатија на претпријатието за кои станува збор се изведени од нивните сметки и други податоци, консолидирани, доколку постојат. На овие се додава 100% од податоците на претпријатијата кои се поврзани со овие партнерски претпријатија, освен ако нивните податоци за сметките не се веќе вклучени преку консолидација.

За примената на истиот став 2, податоците на претпријатијата кои се поврзани со претпријатието за кое станува збор треба да се извлечат од нивните сметки и нивните други податоци, консолидирани, доколку постојат. На овие се додаваат, пропорционално, податоците за секое можно партнерско претпријатие на тоа поврзано претпријатие, кое се наоѓа веднаш над или под него, освен ако тоа веќе не е вклучено во консолидираните сметки со процент што е најмалку пропорционален на процентот утврден според вториот потстав од став 2.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛ

4. Кога во консолидираните сметки не се појавуваат податоци за вработените за одредено претпријатие, бројот на вработените се пресметува преку пропорционално собирање на податоците од неговите партнерски претпријатија и со додавање на податоците од претпријатијата на кои е поврзано претпријатието.

## НАСЛОВ II

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 7

### Статистика

Комисијата ќе ги преземе неопходните мерки за презентирање на статистичките податоци кои ги произведува во согласност со следните големини-класи на претпријатија:

(а) 0 до 1 лице;

(б) 2 до 9 лица;

(в) 10 до 49 лица;

(г) 50 до 249 лица.

Член 8

Референци

1. Секое законодавство на Заедницата или која било програма на Заедницата која треба да се измени или усвои и во која се појавува терминот „МСП", „микро претпријатие", „мало претпријатие" или „средно претпријатие" или кој било друг сличен термин треба да се однесува на дефиниција содржана во оваа Препорака.

2. Како преодна мерка, тековните програми на Заедницата кои ја користат дефиницијата за МСП во Препораката 96/280/ЕЗ ќе продолжат да се спроведуваат во корист на претпријатијата кои се сметаа за МСП кога овие програми беа усвоени. Законски обврзувачките обврски што ги склучила Комисијата врз основа на таквите програми ќе останат непроменети.

Без да е во спротивност со првиот потстав, секоја измена на дефиницијата за МСП во рамките на програмите може да се направи само со усвојување на дефиницијата содржана во оваа Препорака во согласност со став 1.

Член 9

Ревизија

Врз основа на преглед на примената на дефиницијата содржана во оваа Препорака, која треба да се подготви до 31 март 2006 година и земајќи ги предвид сите измени на член 1 од Директивата 83/349/ЕЕЗ за дефинирање на поврзани претпријатија во рамките на значењето на таа Директива, Комисијата, доколку е потребно, ќе ја прилагоди дефиницијата содржана во оваа Препорака, а особено горните граници за прометот и вкупниот биланс на состојба, со цел да се земе предвид искуството и економскиот развој во Заедницата.

| | |
|---|---|
| **Тврдам дека правилно го извршив преводот од англиски на македонски јазик.** | **I attest that I correctly translated the document from English to Macedonian language.** |
| **Број: 41/19** | **Diary No: 41/19** |
| **Маријана Илиевска, постојан судски преведувач од англиски на македонски јазик и обратно** | **Marijana Ilievska, Authorized court translator from English to Macedonian language and vice versa** |
| **Датум: 30.05.2019** | **Date: 30.05.2019** |

**Прилог 8: Примерок на договор за финансиска поддршка**

Врз основа на член 12, став 1, точка 13, а во врска со член 6, став 1, точка 5 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19), Јавниот оглас бр. 01/19, објавен на _______________ година, за поднесување на барања за финансиска поддршка од Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија“ бр. 177/16), Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014 - 2020 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 58/19) и Решение бр. 16 -______________, издадено од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како дavател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: “Агенцијата“), претставувана од Директорот Николче Бабовски,
со седиште на „Бул. III - та Македонска Бригада, бр. 20” (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за кореcподенција „Бул. III - та Македонска Бригада, бр. 20” (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје,
од една страна, и

2. ___________________ со ЕДБ/ ЕМБГ, како страна на која и е одобрена финансиска поддршка (во понатамошниот текст: “Корисник“), претставувана од управителот ______________ со ЕМБГ ______________________ (само за правни лица),
- седиште и адреса за кореспонденција:
- број на трансакциска сметка:
- место на инвестицијата предмет на овој договор:
од друга страна,

го склучија следниот:

## ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА
**Бр. 16 ___- _____________ (ИБ )**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за

2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија" бр. 177/16), одобрена со Решение бр. ___ – ________________ од ________________________година.

(2) Финансиската поддршка, согласно со:

- Мерката - Диверзификација на фарми и развој на бизниси,
- Приоритетен сектор бр. _____– (Назив на приоритетниот сектор), ќе се користи за набавка на стоки и услуги наведени во Прилог 2 на овој Договор – „Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги".

(3) За функционалноста на инвестицијата, корисникот се обврзува да ги заврши/ реализира и работите/ стоките/ услугите кои нема да бидат кофинансирани од страна на Агенцијата. Горенаведените работи/ стоки/ услуги се наведени во Прилог 2 од овој Договор.

**Договорен износ**

**Член 2**

(1) Вкупната прифатлива вредност на инвестицијата е ________________ МКД (со зборови __________________денари).
(2) Вкупната финансиската поддршка (јавна поддршка) согласно Решението бр. __ - ___________________, изнесува до ________________ МКД (со зборови ___________________ денари) т.е. 65 % од вкупната прифатлива вредност на инвестицијата.
(3) АФПЗРР ќе исплати 65 % од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој Договор - Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.
(4) Висината на процентот на финансиската поддршка од став 3 на овој член може да се измени само во случај на природна непогода или поради техничка грешка направена од страна на АФПЗРР, а со претходно склучен Анекс кон Договорот.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Права на корисникот**

**Член 3**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2, став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 или согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.
(2) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот најдоцна 60 дена пред рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор, утврден во член 4, став 2 на овој договор.
(3) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот поради:

а) продолжување на рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор (член 4, став 2);
б) продолжување на рокот за поднесување на барањето за исплата на финансиската поддршка (член 4, став 3);
в) промена во градбата/ реконструкцијата на инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);
г) промена во типот/ моделот на наведените стоки или услуги кои се дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);
д) промена на дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);
ѓ) промена на добавувач/ ите (Прилог 2);
е) промена на корисникот – само за физичко лице во случај на смрт;
ж) промена на лични податоци (адреса, трансакциска/ банкова сметка, промена на лични податоци итн.).

(4) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот по однос на став 3 точка а) б) в) г) д) и ѓ) од овој член само во случај на:

- виша сила;
- природна непогода чие настанување е потврдено од страна на Европската Комисија;
- престанок на производство на одредени стоки кои се дел од инвестицијата предмет на овој договор;
- неможност на добавувачите да извршат снабдување на работите/ стоките/ услугите;
- промени како резултат на потребата за усогласување на инвестицијата предмет на овој договор со законодавството;
- состојба која не можела да се предвиди во моментот на склучување на Договорот; и
- воведување на нови технологии кои можат да ја подобрат ефикасноста на инвестицијата.

(5) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот кога регионот каде што е местото на инвестицијата и инвестицијата се погодени од природна непогода, а за кој регион Европската Комисија има одобрено поедноставни постапки за добивање на финансиската поддршка за определен временски период, поради што има можност да добие:

- финансиска поддршка во износ и процент кој го надминува износот, односно процентот наведен во член 2, став 2 од овој Договор; и
- 20 % од вкупно прифатливата вредност на инвестицијата утврдена со овој договор пред поднесување на финансиските документи како доказ за спроведување на истата.

(6) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

(7) Корисникот има право да побара Анекс кон Договорот согласно став (3), точка а) и точка б) од овој член не повеќе од 2 години, само во случај кога надлежните институции посочиле дека корисникот не ги исполнил условите наведени во член (4), став (6) од овој Договор. Корисникот има право да побара Анекс на овој Договор во врска со одредбите наведени во став (3), точка а) и б) на овој член до 3 години.

**Обврски на корисникот**

**Член 4**

(1) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата со сопствени парични средства во износ наведен во Прилог 2 на овој договор.
(2) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата наведена во член 1 на овој договор до ____________ година.
(3) Корисникот се обврзува да поднесе барање за исплата и потребна документација најдоцна ____________ година.
(3*) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата и да поднесе барање за исплата и потребна документација со следна динамика:

| *Износ* | *Активноста* | *Дата за завршување на активноста* | *Дата на поднесување на барање за исплата* |
|---|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ______________ | *до* ___________________ |
| ____________ | ______________ | _______________ | *до*___________________. |

(4) Корисникот се обврзува да го поднесе последниот одобрен образец на барањето за исплата (Прилог 4 на овој Договор) по препорачана пошта или лично во согласност со член 8 став (3) на овој договор.
(5) Корисникот се обврзува сите плаќања кон трети лица кои произлегуваат од спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор да ги изврши согласно рокот утврден во став (2) на овој член.
(6) Корисникот се обврзува дека во рокот од став (2) на овој член, инвестицијата предмет на овој договор ќе ги достигне ЕУ стандарди од областа на ветеринарно јавно здравство, безбедност на храна и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, стандардите од областа на животната средина, заштита при работа, како и почитување на одредбите од националното законодавство и истата ќе биде во согласност со стандардите додека договорот е во сила.
(7) Корисникот се обврзува во прилог на барањето за Анекс кон Договорот да достави соодветни документи како доказ за исполнување на одредбите од член 3, став (3) и (4), а согласно член 8, став (3).
(8) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за времето на изведување на скриените работи во текот на градбата, најмалку 7 дена пред изведување на активностите кои вклучуваат скриени работи.
(9) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/ податоци во период од максимум 15 работни дена т.е. согласно наведеното во барањето.
(10) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.
(11) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Европската комисија, Судот на ревизори, како и ревизорското тело до

документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/ поврзани за/ со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.

(12) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените лица од АФПЗРР за време на контролата на лице место.

(13) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп или заем инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(14) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(15) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор, доколку поинаку не е одобрено од страна на АФПЗРР. АФПЗРР при одобрување на промената на местото на инвестицијата ќе ги земе во предвид причините кои довеле до промена на местото на инвестицијата, исто така дали се менува местото на производната активност во целост или само инвестицијата. Корисникот е обврзан навремено да ја извести АФПЗРР за намерата за промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор.

(16) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.

(17) Корисникот се обврзува да води сметководствена евиденција во врска со инвестицијата, предмет на овој договор, а во согласност со барањата за доставување на информации до Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за цело времетраење на Договорот. Корисникот - земјоделско стопанство мора да обезбеди информации и податоци за ФАДН – Мрежа на сметководствени податоци на земјоделските стопанства, кога информацијата е побарана од релевантната институција одговорна за прибирање на ФАДН податоците или подрачната единица на МЗШВ.

(18) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други европски, домашни или странски фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор.

(19) Корисникот се обврзува да ги подмири обврските по однос на даноци, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и обврските кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за целото времетраење на овој договор.

(20) Корисникот се обврзува пред поднесувањето на барањето за исплата да ги подмири заостанатите обврски (доколку ги има) кои произлегуваат од користење на финансиска поддршка од друга компонента на ИПА.

(21) Корисникот е обврзан да ги пријави сите измени во Регистарот на откупувачи на овошје и зеленчук при МЗШВ или промена на производствените капацитети во Едиствениот Регистарот на Земјоделски Стопанства, а кои произлегуваат од инвестицијата предмет на овој договор, пред поднесување на барањето за исплата.

(22) Корисникот е обврзан, опремата предмет на овој договор да поседува плочка со технички податоци за опремата, сериски број и година на производство (доколку инвестицијата вклучува опрема).

(23)Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решението за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој претставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.

(24)Корисникот се обврзува во рок од пет дена од денот на извршувањето на исплатата на видливо место, согласно Прилог 3 на овој договор, да истакне налепница А или Б и/ или комеморативна плакета на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија“ бр. 177/16) и истата да не ја отстрани за целото времетраење на овој договор.

(25)Корисникот се обврзува да подигне билборд со информации за ЕУ учество доколку предметот на инвестиција надминува 500.000 евра во денарска противвредност. Корисникот ќе го отстрани билбордот не порано од 6 месеци по реализација на инвестицијата и ќе стави комеморативна плакета не покасно од 5 дена по извршувањето на исплатата во согласност со Прилог 3.

(26)Корисникот се обврзува дека најмалку едно лице ќе биде вработено на неопределено време или ќе биде ангажирано со договор кој нема да биде пократок од Договорот помеѓу корисникот и АФПЗРР.

**Права на АФПЗРР**

**Член 5**

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.

(2) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување на барањето за исплата, како и на потребните документи во прилог на барањето во однапред утврден рок.

(3) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.

(4) АФПЗРР има право да го отфрли барањето за исплата ако Корисникот не го поднесе согласно рокот утврден во член 4, став 3 на овој договор.

(5) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата, во целост или делумно, доколку Корисникот:

(а) не го дополни или појасни барањето или потребните документи во однапред утврдениот рок,

(б) не ја заврши инвестицијата која е предмет на овој Договор согласно член 4, став (2) и (5) од овој Договор,

(в) доставил понуди, пред потпишување на договорот, од понудувачи кои се меѓусебно сопственички и/ или семејно поврзани и/ или поврзни во раководната структура помеѓу себе и/ или со корисникот,

(г) доставил понуди за предметот на инвестицијата, пред потпишување на договорот, од изработувачот на Деловниот план/ Консултантските услуги или од понудувачи кои се во семејна/сопственичка и/ или поврзаност во управувачката структура со изработувачот на деловниот план/ консултантските услуги,

(д) доставил манипулирани/ копирани или цените во понудите се пропорционално зголемени,

(ѓ) доставил вештачки поделени понуди со цел да се избегне правилото за доставување на 3 понуди од независни добавувачи,

(е) не спречи појавување на конфликт на интерес,

(ж) не е во согласност со стандардите утврдени во член 4, став 6 од овој договор,

(з) прикрие факти и податоци во врска со спроведувањето на инвестицијата предмет на овој Договор и

(ѕ) не ја спроведе инвестицијата согласно условите утврдени со овој Договор.

(6) АФПЗРР има право да не овозможи користење на финансиска поддршка од програмите кои ги спроведува АФПЗРР за период од 2 години доколку Корисникот се стекнал со финансиска поддршка како резултат на измама.

(7) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:

- Целосен назив според регистрација. По 2 години, името на корисникот ќе биде заменето со терминот "физичко лице". Во случај кога корисникот е правно лице, името на одговорното лице ќе биде заменето со терминот "физичко лице",
- Назив на инвестицијата,
- Опис на инвестицијата,
- Датум на почеток на инвестицијата,
- Датум на завршување на инвестицијата (очекуван датум на физичко завршување на реализацијата или нејзина целосна имплементација),
- Вкупно прифатливи трошоци на инвестицијата,
- Процентот на кофинансирање од страна на ЕК,
- Поштенски код на локацијата на инвестицијата или друг индикатор за локација на инвестицијата,
- Држава во која се наоѓа инвестицијата (Република Северна Македонија),
- Назив на категоријата на интервенција на инвестицијата,
- Дата на последно ажурирање на листата на операции.

(8) АФПЗРР има право да го одбие барањето за склучување Анекс кон Договор доколку:

- доведува до неисполнувањето на националните стандарди;
- доведува до неисполнувањето на европските стандарди;
- доведува до неизводливоста на инвестицијата;

- доведува до нефункционалност на постројката согласно оперативната структура и нефункционалност на технолошкиот процес односно производната линија (во случај кога предмет на бараните измени е менување на дел од инвестицијата);
- со тоа би се надминал максималниот период за реализација на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива.

(9) Агенцијата има право да побара измени кон Договорот доколку:

- утврди дека настанала техничка грешка при изработка на договорот (грешка во броеви, суми при пресметка, датум, назив),
- утврди дека финансиската поддршка, делумно, била одобрена спротивно на правилата на Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија“ бр. 177/16), Секторскиот Договор, Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот,
- се резултат на откривањето на скриени работи од извршената контрола на терен,

(10) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

(а) доставил лажни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија“ бр. 177/16),

(б) доставил понуди, пред потпишување на договорот, од понудувачи кои се меѓусебно сопственички или семејно поврзани и/ или поврзани во раководната структура помеѓу себе и со корисникот,

(в) доставил понуди за предметот на инвестицијата, пред потпишување на договорот, од изработувачот на Деловниот план/ Консултантските услуги или од понудувачи кои се во семејна/ сопственичка и/ или поврзаност во управувачката структура со изработувачот на деловниот план/ консултантските услуги,

(г) не спречи појавување на конфликт на интерес,

(д) доставил манипулирани/ копирани или цените во понудите се пропорционално зголемени,

(ѓ) доставил вештачки поделени понуди со цел да се избегне правилото за доставување на 3 понуди од независни добавувачи,

(е) користел/ користи неповратна финансиска помош од други европски, домашни или странски фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,

(ж) ја отуѓува, дава под закуп, заем или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,

(з) извршил промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор, а не постапил согласно член 4, став 15 од овој договор,

(ѕ) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

(и) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Европската комисија, Судот на ревизори, како и ревизорското тело до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/ поврзани за/ со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,
(ј) не постави билборд/ комеморативна плакета и/ или налепница во согласност со член 4, ставови (24) и (25) на овој договор, и
(к) во случај на постапка на стечај/ликвидација на корисникот
(л) во други случаи утврдени во овој договор и Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
(11) АФПЗРР има право, во случај на поврат на средства од став (10), точки (а), (б), (в), (г), (д), (ѓ), (е), (ж), (з), (и) и (ј) на овој член, да пресмета казнена камата од денот на исплата на финансиската поддршка до денот на повратот на средствата. Во случајот од став (10), точка (ѕ) на овој член, казнената каматата ќе се пресметува по истекот на рокот за поврат на средствата утврден во Решението за поврат на средства донесено од АФПЗРР. АФПЗРР пресметува камата согласно Законот за облигациони односи.
(12) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.
(13) Агенцијата има право да го следи исполнувањето на критериумите врз основа на кои е донесено решението за распределба на средства и решението за исплата додека овој договор е во сила, а во случај на прекршување да бара поврат на средствата или раскинување на договорот.

**Член 5-а**

(1) АФПЗРР како алтернатива може да наметне санкции на барателот во случај на неисполнување на обврските дадени во член 4, ставови (2), (3), (10), (19) и (24) од овој Договор во рамките од 2 % до 10 % од вредноста на овој Договор.
Санкциите може да се зголемат најмногу до рамка од 4 % до 20 % во случај на повторување на неправилностите.
При првично детектирање на неправилноста, АФПЗРР има право да испрати предупредување земајќи ја во предвид сериозноста и важноста на неправилноста.

**Обврски на АФПЗРР**
**Член 6**

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка во рок од шест месеци од денот на приемот на комплетното барање за исплата.
(2) АФПЗРР се обврзува да изврши еднократна исплата на финансиската поддршка.
(2*) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка во две фази.
(3) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(4) АФПЗРР се обврзува по приемот на барањето за Анекс кон Договорот поради природна непогода да постапува согласно одредбите на Секторскиот Договор.
(5) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

(1) Овој договор може да се раскине:
- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор,
- еднострано од страна на АФПЗРР како резултат на откриени скриени работи при контрола на терен,
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка,
- и во други ситуации предвидени со овој договор, или закон.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1, точка 2 и точка 3 на овој член, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.
(3) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1, точка 4 на овој член, Корисникот е должен да ја извести АФПЗРР најмалку 15 дена пред истекот на рокот наведен во член 4, став (2) од овој договор.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.
(2) Корисникот изјавува дека не започнал со реализација на инвестицијата која е предмет на овој договор пред истиот да стапи на сила.
(3) Корисникот се обврзува да ги преземе сите потребни мерки да го спречи конфликтот на интерес кој може да влијае врз непристрасното и објективно спроведување на овој договор. Таков конфликт може да настане пред се како резултат на економски интерес, политичка или национална наклоност, семејни или емотивни врски, или било каков друг заеднички интерес.
(4) Секоја ситуација која доведува или би можела да доведе до конфликт на интерес за времетраењето на овој договор корисникот е должен да ја обзнани пред АФПЗРР. Корисникот е должен веднаш да преземе мерки за корегирање на таквата ситуација.
(5) АФПЗРР го задржува правото да провери дали преземените мерки од став 4 на овој член се соодветни и може да побара преземање на дополнителни мерки, доколку е потребно во одреден временски период.

(6) Во случај на стечај или ликвидација иницирана од страна на корисникот предметот на инвестиција не влегува во стечајниот имот и АФПЗРР има право да бара предметот на инвестиција да биде изземен од стечајниот имот.
(7) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се доставаат во прилог на барањето за Анекс кон Договорот, обезбедување на важечки образец на барањето за исплата, како и поради доставување на истите до АФПЗРР, Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса: Бул. III - та Македонска Бригада, бр. 20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје
Контакт телефон: 02 30 97 460
Интернет адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

**Стапување во сила и времетраење на Договорот**
**Член 9**

(1) Со потпишување на овој Договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.
(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната исплата од страна на АФПЗРР освен во однос на член 4, став 11 ќе биде во сила 7 година по конечната исплата.

**Прилози**
**Член 10**

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:
1. Прилог 1 – Дефиниции
2. Прилог 2 – Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги
3. Прилог 3 – Форма на налепница, комеморативна плакета и билборд
4. Прилог 4 – Барање за исплата

**Спорови**
**Член 11**

(1) Споровите кои произлегуваат од овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен ќе биде Основен суд на Република Северна Македонија.
(2) Во случај на спор, преовладуваат одредбите кои произлегуваат од билатералните договори потпишани помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија кои се однесуваат на претпристапна помош пред оние одредби кои произлегуваат од Националното Законодавство.

**Примероци**
**Член 12**

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

Дата, ________________ Дата, _______________

Архивски бр. 16 - _________________

Директор на АФПЗРР: Корисник:

____________________________ __________________________

## Б ДЕЛ 2 - ПРИЛОЗИ
## ПРИЛОГ 1 – ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- "Проект" е целокупната, сеопфатна инвестициска активност на барателот која се состои од прифатлив и неприфатлив дел за кофинансирање од Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија" бр. 177/16);
- „Производствена единица" е посебна производна/ работна локација на правното лице која е ангажирана во една активност. Производствена единица може да биде продавница, канцеларија или друг физички ентитет кој продава или произведува добра или услуги и е физички одвоен од останата активност на правното лице;
- "Компанија/ холдинг" е правно лице составено од едно или повеќе претпријатија кои се поврзани во една или повеќе производни активности;
- "Вкупна прифатлива вредност на инвестицијата" се одобрените трошоци од страна на АФПЗРР согласно Програмата за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014 - 2020 година - ИПАРД II („Службен весник на Република Македонија" бр. 177/16), Секторскиот Договор и Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014 - 2020 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/16 и 58/19);
- "Финансисика поддршка" е финансиската поддршка од страна на АФПЗРР во еквивалентен износ од 65 % од вкупната прифатлива вредност на инвестицијата;
- "Општи трошоци" се надоместоците за архитекти и инженери, други трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, стекнување со патент, права и дозволи;
- "Почеток на спроведување на инвестицијата" значи превземање на било какви обврски на сметка на одобрениот износ, потпишување на договори со трети лица за вршење на дејности предмет на овој Договор, нарачка на материјали, опрема и други слични активности, освен активности кои спаѓаат во општи трошоци;
- "Природна непогода" се инциденти предизвикани од природни сили кои е невозможно да се контролираат а кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и предизвикуваат штети на земјиштето, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, ерозии, лавини, лизгања на земјиште, бури, оштетувања на брани и бедеми, суши, атмосферски катастрофи);
- "Секторски Договор" е Договорот кој е ратификуван помеѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финансиската помош на унијата за Република Македонија според

Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој“ (ИПАРД) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/16);

- „Конфликт на интерес“ е кога непристрасното учество на кое било лице кое учествува во постапката за набавка е загрозено заради семејни причини, економски интерес или некаков друг интерес помеѓу лицата;
- „Виша сила“ е исклучителен настан или околности, надвор од контролата на договорните страни која ги спречува едната или двете договорни страни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор;
- „Активна корупција“ е ветување, понудување или давање, директно или индиректно, на било каква незаконска предност на некого, со цел административниот државен службеник да делува или да се воздржи од делување во извршување на своите надлежности;
- „Пасивна корупција“ е барање или примање, директно или индиректно, на било каква незаконска предност, или прифаќање на понуда или ветување на таква предност, со цел административниот државен службеник да делува или да се воздржи од делување во извршување на своите надлежности.

- **ПРИЛОГ 2 - Табела за користење на финансиската поддршка по стоки и услуги**

## ПРИЛОГ 3 - **Форма на билборд, комеморативна плакета и налепница**

## ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ЗНАМЕТО НА ЕУ И ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. ЗНАМЕ НА ЕУ



Знамето на ЕУ мора да биде видливо **и**стакната как**о што е наведено во овој договор на сите пишани и визуелни материјали. Зна**мето на ЕУ има правоаголна форма во сина боја чија должина изнесува 1 ½ од неговата висина. 12те златни звезди лоцирани на еднакви интервали формираат недефиниран круг, при што центарот е точката на пресек на дијагоналите од правоаголникот. Радиусот на кругот е една третина од висината на знамето. Секоја од звездите има пет точки кои се лоцирани на периферијата на недефинираниот круг, при што радиусот е една осумнаестина од висината на знамето. Сите звезди се вертикално поставени – всушност со една точка вертикално т.е насочени кон надвор и две точки се поставени во права линија под прави агли до копјето.

Кругот е распореден на тој начин што звездите се наредени во насока на стрелките на часовникот. Нивниот број е непроменлив.

Официјални бои на знамето се:

- Pantone Reflex сина боја за површината на правоаголникот
- Pantone Process `жолта боја за звездите

Pantone Reflex Blue соодвествува со бојата од веб-палетата RGB: 0/51/153 (со шест децимали: 003399) и Pantone Yellow соодвествува со бојата од веб-палетата RGB: 255/204/0 (со шест децимали: FFCC00).

Знамето би требало да биде испечатено на бела позадина. Повеќебојните позадини треба да се избегнуваат, особено оние позадини чија боја не се совпаѓа со сината боја. Таму каде што не може да се избегне ваквата боја, мора да се користи бела граница со дебелина која е 1/25 тина од висината на правоаголникот. t.



### ГЕОМЕТРИСКИ ОПИС

Сите звезди се вертикално поставени т.е со една точка вертикално и две точки поставени во права линија под прави агли до копјето. Нивниот број е непроменлив.

## 2. ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Знамето на Република Северна Македонија мора да биде еднакво претставено со знамето на ЕУ на сите визуелни материјали. Знамето на РМ мора да биде видливо истакнато како што е наведено во овој Прирачник на сите пишани и визуелни материјали. Знамето мора да биде претставено со следните официјални бои:

- Panteón 485C (C:0, M:95, Y:100, B:0)
- Panteón Process жолта (C:0, M:0, Y:100, B:0)




Согласно Законот за знамето на Република Северна Македонија, истото мора да биде во црвена боја со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци, кои се простираат од сончевиот диск со проширување од рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат во дијагонала, хоризонтала и вертикала. Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од должината на знамето. Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето. Односот помеѓу ширината и должината на знамето е еден према два.

**ГОЛЕМИНА НА БИЛБОРД (висина 180 cm x ширина 240 cm) размер 1:12**




Билбордот мора да биде изработен од ПВЦ материјал, да се премачка со УВ лак и да се постави цврсто (да се залепи или набие) на метална основа од иста големина. Металната основа се поставува на два метални столба на висина од 2 метри, мерејќи од површината на земјиштето. Секој од металните столбови мора да биде фиксиран во бетонска подлога. Целата конструкција мора да биде висока 3.80 метри, мерејќи од површината на земјиштето.

ГОЛЕМИНА НА КОМЕМОРАТИВНА ПЛАКЕТА (**висина 40 cm x ширина 60 cm) Размер 1:3**




Комеморативната плакета е направена од печатен ПВЦ материјал премачкан со УВ лак и поставена цврсто (залепена или закачена) на метален лим. Металниот лим треба да се постави на ѕид од објект на висина од 1.70 метри мерено од земјиштето на кое се наоѓа.

ГОЛЕМИНА НА НАЛЕПНИЦАТА А (висина 10 cm X ширина 15 cm), Размер 1:1




Налепницата А се поставува доколку највисоката точка на опремата е под 1 метар и истата се поставува фронтално или странично на видливата страна на опремата и истата треба да биде испечатена на ПВЦ материјал и премачкана со УВ лак за заштита од сонце.

ГОЛЕМИНА НА НАЛЕПНИЦАТА Б (**висина 13 cm X ширина 20 cm), Размер 1:1**




Налепницата Б се поставува доколку највисоката точка на опремата е над 1 метар и истата се поставува фронтално или странично на видливата страна на опремата на висина од најмалку 1,70 метри и истата треба да биде испечатена на ПВЦ

материјал и премачкана со УВ лак за заштита од сонце. Напомена: Агенцијата има право да ја ажурира налепницата, комеморативната плакета и билбордот по насоки добиени од ЕК за видливост на проектот.